# З А П И С Н И К

од 54-та седница на Советот на Општина Прилеп, одржана
на 15.03.2021 година, со почеток во 12,05 часот

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателката на Советот на Општина Прилеп Еленче Ташковска.

Добар ден почитувани. Оставивме простор од 5 минути за да можат да се вклучат советниците, предлагачите на материјали и поканетите гости. Мислам дека полека може да почнуваме со седницата.

Почитувани членови на Советот!

Ја отворам 54-та седница на Советот на Општина Прилеп која се одржуваа електронски преку комуникациски уреди и констатирам дека, од вкупно 27 членови на Советот, ќе преминеме на поединечно читање за присуство

Еленче Ташковска тука , Јулијана Цековска, Јулијана Цековска, Зорица Кочоска, тука, Светлана Велеска тука, Тони Камчески тука, Никола Багески тука, Елизабета Сурлаџија тука, Адем Мамудоски, уклучете микрофони, Адем те гледам а не те слушам, Валентин Божиноски тука, Александар Чапкуноски, тука, Хари Шојлески тука, Жарко Северкоски тука, Кире Тинтоски тука, Ивона Кузмановиќ, Ивона Кузмановиќ, Александар Китаноски тука, Дејан Проданоски, Дејан Проданоски, Борче Јовчески тука, Ирена Стерјовска – Локвенец тука, Кирил Ѓорѓиески тука, Дејан напиша дека е тука, Јулијана Силјаноска тука, Виктор Здравески тука, Андријана Ристеска тука, Винета Лозаноска тука, Никола Габроски, тука, Сами Ајдини, тука, Кети Бикоска, тука.

Прозивам уште еднаш за тие што не успеавме да ги добиеме, можеби во меѓу време се уклучени. Јулијана Цековска, Јулијана Цековска, Александар кажа дека ќе се уклучи за некоја минута. Ивона Кузмановиќ, Александар кажа исто и Ивона. Елена: Добро ви благодарам и констатирам дека од вкупно 27 членов на Советот, на седницата во овој момент се најавени, односно присуствуваат 24 членови на Советот, па спрема тоа Советот може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека на оваа седница покрај Вас членовите на Советот, поканети се и Градоначалникот на Општина-Прилеп, Др. Илија Јованоски, предлагачите на материјалот, како и претставниците на средствата за јавно информирање.

Пред да го утврдиме дневниот ред, записникот од 53-та седница го ставам на гласање? Сакам да ги известам членовите на Советот за едно писмо кое што стигна до мене е писмо на благодарност, а тука мислам дека се однесува и на сите советници.

Почитувана претседателке на Советот на Општина Прилеп во име на Проектот „Зајакнување на општинските совети“, и во мое лично име посакувам ова писмо да ве најде во добра здравствена состојба. Благодарение на взаемната поддршка, годината што измина иако, полна со предизвици, ја завршивме со големи успеси и достигнувања за што искрено ви се заблагодарувам. Во прилог на ова писмо ви

доставуваме заштитни маски со логото на Проектот „Зајакнување на општинските совети“, за вас како и за сите членови на Советот, како и за Градоначалникот. Ја користам оваа прилика да ве замолам заштитните маски да ги споделите со сите членови на Советот во текот на следната седница на Советот на Општина Прилеп. Со почит Проектен менаџер на UNDP во Скопје. Оваа благодарност што е упатена до мене јас пропратно ја упатувам до сите советници затоа што Советот без вас немаше да може успешно да работи во едни вакви услови. Замолувам до координаторите на советничките групи да се организирате и да си ги подигнете маските од службата за организирање седници на Совет. Ви благодарам.

Преминуваме на официјалниот дел од седницата.

Го разгледуваме Записникот од 53-тата седница. Записникот од 53-та седница го ставам на гласање, а претходно дали има забелешки по однос на Записникот од 53-тата седница?

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот да се изјаснат.

Ве молам да се изјасниме по Записникот преку оишување во чет бидејќи така е најпрегледно.

Кој е "за" усвојување на записникот од 53-та седница?

Кој е "против", кој е"воздржан"?

Ви благодарам колеги советници, со оглед на тоа дека се пријавени на зум и колешките Кузмановиќ и Цековска

26 членови на советот гласаа „за".,

Констатирам дека со 26 гласови „за“ Записникот од 53-тата седница е усвоен.

За дневен ред на оваа сеница ги предлагам следните прашања:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Предлог-Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за четврт квартал од 2020 година.
2. Предлог-Годишна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година.
3. Предлог-Годишен извештај на Општина Прилеп за 2020 година.
4. Предлог-Одлука за давање согласнсот на Извештајот за работата на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески''-Прилеп, со Финансиски извештај за 2020 година.
5. Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески''-Прилеп, за 2020 година.
6. Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУДГ ''Наша иднина''-Прилеп, за 2020 година.
7. Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп, за 2020 година.

8. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“-Прилеп, за 2021 година.
9. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’- Прилеп за 2021 година.
10. Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на помошно-техничките лица вработени во ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“Прилеп, за 2021 година.
11. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Кочо Рацин" - Прилеп, за 2020 година.
12. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Рампо Левката" - Прилеп, за 2020 година.
13. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп, за 2020 година.
14. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ ООУ "Гоце Делчев" - Прилеп, за 2020 година.
15. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Добре Јованоски" - Прилеп, за 2020 година.
16. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Блаже Конески" - Прилеп, за 2020 година.
17. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Климент Охридски" - Прилеп, за 2020 година.
18. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Круме Волнароски" – с.Тополчани Прилеп, за 2020 година.
19. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Страшо Пинџур" – с.Мало Коњари-Прилеп, за 2020 година.
20. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ ’Кирил и Методиј’ – с.Канатларци -Прилеп, за 2020 година.
21. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООМУ „Ордан Михајлоски- Оцка“ - Прилеп, за 2020 година.
22. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Мирче Ацев" - Прилеп, за 2020 година.
23. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп, за 2020 година.
24. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп, за 2020 година.
25. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп, за 2020 година.
26. Предлог-Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" - Прилеп, за 2020 година.

27. Предлог-Одлука за донесување на Регулациски план на ГУП за град Прилеп за ЧЕТВРТ 7 во БЛОК 7.3, КО Прилеп, Општина Прилеп.
28. Предлог-Одлука за донесување на  Техничка исправка на ДУП блок 3.13, ГП бр. 3.13.033.
29. Предлог-Одлука за прифаќање на донација на Општина Прилеп.
30. Предлог-Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ:**

1.Предлог-Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди.

2.Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за купување на велосипеди за 2021 година.

3.Предлог-Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор.

4.Предлог-Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп  за набавка на грејни тела со инвертор за 2021 година.

5.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, за 2020 година.

6.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Пазари’’-Прилеп, за 2020 година.

7.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати за вработените во ЈКП „Пазари“ Прилеп за 2021 година.

8.Предлог-Одлука за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за ПУП - Прилеп за 2020 година.

9.Предлог-Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп, за период од 01.10.2020 до 31.12.2020 година.

10.Предлог-Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец’’-Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година.

11.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈКП ,,Комуналец’’-Прилеп, за 2020 година.

Предлгам 28-та точка од дневниот ред: - Предлог-Одлука за донесување на Техничка исправка на ДУП блок 3.13, ГП бр. 3.13.033 на предлог на предлагачот да биде повлечена од дневен ред.

Имајќи во предвид дека седницата е online, а дневниот ред е обемен и има повеќе предлагачи, процедурално предлагам најпрвин да ги разгледаме заедно годишните сметки на основните и средните училишта за 2020 година, а гласањето да биде поединечно.

Се обраќам до советниците.
Дали има предлог за измена или дополнување на дневниот ред?
Бидејќи никој не се јавува за збор, предлагам да преминеме на гласање.
Ве замолувам колеги советници да се изјаснеме по однос на дневниот ред.
Кој е "за" усвојување на дневниот ред?
Кој е "против", кој е"воздржан"?

Бидејќи имаме 26 присутни, а изјаснети се 24, ве молам да не преминуваме на прозивање, сериозен пристап кон гласањето затоа што ги следиме сите. Во спротивно тој што не се изјаснува ќе сметам дека го напуштил присуството на оваа седница.
Ви благодарам колеги советници.
26 членови на Советот гласаа „за".
Констатирам дека со 26 гласови „за" дневниот ред е усвоен.

По **ЕДИНАЕСЕТТАТА, ДВАНАЕСЕТТАТА, ТРИНАЕСЕТТАТА, ЌЕТИРИНАЕСЕТТАТА, ПЕТНАЕСЕТТАТА, ШЕСНАЕСЕТТАТА, СЕДУМНАЕСЕТТАТА, ОСУМНАЕСЕТТАТА, ДЕВЕТНАЕСЕТТАТА, ДВАЕСЕТТАТА, ДВАЕСЕТИПРВАТА, ДВАЕСЕТИВТОРАТА, ДВАЕСЕТИТРЕТАТА, ДВАЕСЕТИЧЕТВРТАТА, ДВАЕСЕТИПЕТТАТА И ДВАЕСЕТИШЕСТАТА** точка од дневниот ред, кои се однеуваат на годишните сметки за 2020 година на ООУ и СОУ пред да отворам претрес го повикувам известителот на Комисијата за финансирање и буџет г-дин Тони Камчески да поднесе извештај по однос на овие точки:

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Благодарам Претседателке. Поздрав до сите присутни на денешнава седница, на колегите советници и предлагачите на материјалот.

На седницата за Финансирањ и Буџет одржана на 10.03.2021 година, беа разгледани сите завршни сметки на основните и средните училшта со тоа што на денешната седница беа доразгледани завршните сметки и на ООУ „Климент Охридски" и со тоа беа исцрпени материјалите на завршните сметки на нашите основни и средни училишта. На седницата во средата и на денешната седница на Комсијата, одржана од 09,оо часот утринава беа разгледани сметките, имавме темелна расправа по сите сметки на основните и средните училишта. Комисијата

во средата со 3 гласа „за“ донесе Одлука да бидат прифатени завршните сметки и на Советот му предлага истите да бидат во целост усвоени. Исто така на денешната седница беше разгледана и од ООУ „Климент Охридски“, таа беше усвоена и му предлагаме на Советот исто така да биде усвоена. За овие од 11-та точка до 26-тата и тоа е решено на седницата на Комисија. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОСВСКА:**

Како што ќе се разгледуваат точките, така ќе си давате извештај за тие точки. Ви благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точките. Дали некој од членовите на Советот бара збор, Ве молам?

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поедниечно, да се изјаснат.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Кочо Рацин" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”? Ве молам колеги советници да гласаме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 10 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 10 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Рампо Левката" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”? Ве молам колеги советници да гласаме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 10 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 10 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Кире Гаврилоски - Јане" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”? Ве молам колеги советници да гласаме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 10 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 10 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Гоце Делчев" - Прилеп, за 2020 година? Кој е “против”, кој е “воздржан”? Ве молам колеги советници да гласаме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 10 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 10 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Добре Јованоски" - Прилеп, за 2020 година? Кој е “против”, кој е “воздржан”? Ве молам колеги советници да гласаме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 10 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 10 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Блаже Конески" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјаснеме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Климент Охридски" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјаснеме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Круме Волнароски" – с.Тополчани-Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјаснеме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ "Страшо Пинџур" – с.Мало Коњари-Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјаснеме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООУ „Кирил и Методиј“ – с.Канатларци -Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјаснеме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на ООМУ „Ордан Михајлоски – Оцка“ - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјаснеме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Мирче Ацев" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

15 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 15 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Одлука за усвојување на Годишните сметки на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" - Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржан“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 „воздржан“, Одлуката е усвоена.

По **ПРВАТА, ВТОРАТА и ТРЕТАТА** точка од дневниот ред: - Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за четврт квартал од 2020 година;

-Годишна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година; и

-Годишен извештај на Општина Прилеп за 2020 година, пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин

Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на  овие точки. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Почитувана Претседателке на Совет, почитувани колкеги советници, Комисијата за финансирање и буџет одржа седница на комисија на 10.03.2021 година и ги разгледа овие 4 точки кои се на дневен ред. По однос на подносителот на точките имавме целосно извештај за сите четири точки и по разгледувањето на неговиот извештај донесовме одлука да му предложиме на Советот во целост да бидат прифатени со 3 гласа „за" како и присуството на таа седница. Со тоа на колегите советници им предлагаме овие точки во целост да бидат прифатени. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точките. Кој сака да се јави за збор молам? Г-дине Градоначалник уклучете го микрофонот.

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**ИЛИЈА ЈОВАНОСКИ:**

Почитувана Претседателке на Совет, почитувани советници, почитувани присутни,

Ви се обраќам вас во својство на извршител на буџетот. Сакам да потенцирам дека дека со извршувањето на 1.135.000.000 денари приходи во консолидираниот буџет и биланс на приходи на Буџетот за 2020 година што представува 73,82 % од проектираните 1.537.000.000 денари и можеме да бидеме задоволни. Во буџетската 2020 година на сметките на консолидираниот буџет, вклучувајќи ги тука сметките на основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на самофинансирачка активност и буџетот од донации, на 31.12.2019 година состојбата на слободните парични средства изнесувала 131.000.000 денари. Сакам да нагласам дека  со реализација на 339.000.000 денари од основниот буџет, не сметајќи го пренесениот вишок на приходи од 2019 година во износ од 134.000.000 денари, можеме релативно да бидеме задоволни. Посебно ќе го нагласам остварувањето на: прво, даночните приходи во износ од 182.000.000 денари, второ, капиталните приходи во износ од 47.000.000 денари и трето, трансферите на донации во износ од 104.000.000 денари. Показателите од билансот на состојбата на буџетската сметка ја покажуваат следната состојба: заклучно со 31.12.2020 година вкупната активност на буџетската сметка изнесува 140.000.000 денари од посебно значење за нас е структурата на вкупната актива во која паричните средства учествуваат со 21,5 милиони денари. Побарувањата од корисниците на буџетот се во износ од 100 милиони денари. Најголемо е учеството на побарувањата по основ на облог од данок на имот од физички и правни лица во износ од 42 милиони денари,

облог од комунална такса за фирмарина во износ од 42 милиони денари, побарувања по основ на јавна чистота во износ од 4,5 милиони денари, побарувања по основ за комунална такса за користење на паркинг во износ од 4 милиони денари, побаравуње по основ на закупнина на општински имот во износ од 1,6 милиони денари и побарувања по основ на договорни казни за ненавремено обезбедување на градежна дозвола во износ од 1,2 милиони денари, од данок на имот од физички лица во износ од 8,8 милиони денари и од данок на имот од правни лица во износ од 2,9 милиони денари Вкупните обврски кон добарувачите на консолидираниот буџет со 2020 година со состојба на 31.12. се во износ од 35 милиони денари и кон нив ќе ги додадеме долгорочните обврски на буџетот во износ од 33 милиони денари станува појасна сликата за финансиската состојба. Према книговодствената евиденција обврските кон добавувачите на основниот буџет изнесуваат 59 милиони денари, а слободните парични средства изнесуваат 21 милион денари. Обврските кон добавувачите на буџетот од дотации преку кого се финансираат, основното, средното образование, детските градинки, Домот за стари лица и Градската библотека изнесуваат 8,2 милиони денари, а слободните парични средствас изнесуваат 73 милиони денари. Обврските на добавуваќите од буџетот на самофинансирачка активност, кои ги остваруваат основното, средното образование, детските градинки, Домот за стари лица и Градската библиотека од давање на услуги и дополнителни активности, изнесуваат 1,9 милиони денари, а слободните парични средства на сметката на самофинансирање изнесуваат 18,7 милиони денари. Буџетот на донации на состојба 31.12.2020 година нема обврски кон добавувачи, а слободните парични средства на сметката преку која се реализираат планираните проекти се во износ од 17,7 милиони денари. Извршувањето на расходите на консолидираниот буџет и биланс на 2020 година беше во износ од 1.198.000.000 денари. Сакам да потенцирам следното дека 2020 година беше година на реализација на крупни капитални проекти од витално значење за Општина Прилеп. Тоа може да се констатира од реализирањето на 190 милиони денари капитални расходи. Тука пред се мислам за изградбата на мостот на ул. „Трајко Николоски“, реконструкцијата на Булеварот „Гоце Делчев“ и ул.„Прилепски бранители“, изградба, реконструкција и рехабилитација на голем број на улици и локални патишта во градот и населените места во што беа инвестирани 72 милиони денари. Во реконструкција на градскиот стадион каде градежните работи се при крај изнесуваат 6,4 милиони денари. За изградба на системи за прифашање и одведување на отпадни води инвестиравме 10,2 милиони денари и за изградба, реконструкцаија на јавното осветлување беа реализирани 8,3 милиони денари. Значи во 2020 година направени се големи инфраструктурни зафати во основното образование и сакам да нагласам дека набавка на училишен мебел, реконструкција на училишни згради и спортски објекти во

основното образование изнесуваше 21 милион денари и уште 6 милиони денари дадени за одржување на објектите и опремата. Инвестиравме 2,6 милиони денари за реконструкција на објектите и инфраструктурата во детските градинки во кои се изведува активност за развој и едукација на најмладата популација. И покрај ограничените финансиски ресурси, не го заборавивме и средното образование каде за одржување на објектите и опремата како и подобрување на условите за подобрување на дејност вложивме 2,5 милиони денари. Не беше заборавен ниту Домот за стари лица во чија реконструкција и одржување беа реализирани средства во износ од 2,1 милиони денари. Вложуваме во поддршка на културата и културните манифестации, спортот, спортските клубови и спортските здруженија, НВО и здруженија на граѓани за чија намена беа потрошени 10 милиони денари. Со 66,5 милиони денари во текот на 2020 година континуирано се финансираат годишните оперативни планови и дополнителни 16,8 милиони денари за субвенционирање на годишните инвестициони програми на јавните комунални претпријатија, ЈКП „Комуналец“, ЈКП „Пзари“, ЈП за ПУП со што граѓаните добиваат квалитетни комунални услуги, а ЈКП ја задржаа својата финансиска стабилност и ликвидност. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Градоначалник. Дали некој друг се јавува за збор по однос на точките?

Повелете г-дине Проданоски земете збор.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Го исслушав Градоначалникот, добар ден на сите.

Почитувана Претседателке на Совет, почитувани колеги советници, почитуван Градоначалник и гости,

Вака по однос на Годишната сметка јас ќе се задржам, а еве извештај е веќе завршена работа, сега да ја видиме Годишната сметка. Годишната сметка вели дека извршувањето на приходите и билансот на приходи на Буџетот изнесува 1.134.726.223 денари. Е сега тука пред мене излезе една дилема затоа што во Извештајоот кој што ни го дадовте на Годишнава сметка вика дека се извршени 1.247.621.796 денари. Тука еве некои отворени прашања до раководителот на Секторот за финансии и до Градоначалникот зошто е разликата во овие суми. Исто така извршувањето на приходите на основниот буџет во износ од 339.602.476 денари вели во Годишниот извештај, додека пак во Годишната сметка 452.498.049 денари која е сума точка пошто ни давате две различни суми во два различни документи, кои што сметам дека се значајни во Завршна сметка влегуваат. Тоа е работа која што предизвикува дилема кај мене е следна. Вели во Годишниот извештај дека се пренесени вишоци од 134.383.044 денари, додека пак во образложениeто тука во Завршната сметка велите дека е пренесен вишок од

112.895.379 денари и тука ве прашувам кој дел е точен? Понатаму ако ги разгледуваме во табелата каде што се планирани и реализирани приходи на основниот буџет во ставката трансфери и дотации вели дека се реализирани 103.658.379 денари додека пак во Завршната сметка вели дека се реализирани 216.553.452 денари. Зошто е ова и како е настаната и оваа грешка? Ова е по однос на приходната страна. Ако разгледуваме по ставки на приходната страна би сакал да прашам. Вели Градоначалникот дека 47 милиони денари се од каптални расходи, додека граѓаните биле принципиелни икрај тоа што е Корона криза 80 % си ги примириле обврските по основ на даноци. Ако една современа Локална самоуправа тежнее да финансирањето нејзино оди преку капитални приходи, тоаш ние сме далеку од тоа затоа што од прибирање на даноци ние сме прибрале само 47 милиони денари и прашувам дали тоа се должи на малата бројка на издадени одобренија за градба, продадено градежно земјиште и други работи кои што произлегуваат, уствари кои што требало да ги сметам капитални приходи. Понатаму во делот на расходите на буџетот вели дека буџетот за 2020 година во расходи влегуваат од 1.198.323.176 денари, додека пак во Предлог-Годишната сметка изнесува 1.247.621.796 и тука прашувам кој е точен износ, односно кој е што треба да го разгледуваме и дали треба вакви два значајни документи треба да имаат различни суми. Вкупните расходи од 452.498.049 денари, тоа се накаде околу 7 милиони евра пари од граѓаните, реализицијата колку што се пофали Градоначалникот се сведе на еден, два проекти кои што, едниот за жал, а голема жал за градов само сја блокира чаршијата и ситуацијата е таква каква што е и само што ја влошивме состојбата со Корона кризата само ја направивме слепо црево чаршијата и се што функционираше тука, а тоа се мали стопанства кои што прехрануваа фамилии им ги ограничивме средствата за живот. Натаму зборувавме на неколку седници во минатото, сите ставки одат во надолна линија, додека ние си држиме како ЛС, односно си предничиме во конто 427, односно привремени вработувања во кои што Општинава потрошила 22,642 милиони денари за привремени вработувања. Друга работа која што исто така замене е важна, а не е спомната овде дека во капиталните расходи од блок дотации, држава учествувала само со 25 милиони денари. Како сериозна Општина и една од поголемите, мислам дека тоа е жалсно што Општината учествувала само со 25 милиони денари. Проблемите, односно прашањата зошто е тоа така треба да го одговори Градоначалникот. Дали тоа е недостаок на проекти кои што се сработени овие 4 години или има друг проект како што беше, ај сега да не спомнуваме дневна политика, меѓутоа ние добро се сеќаваме на такво менаџирање, па не ни требале други партии. Друго прашање кое што вака паѓа во очи е дека обврските на општинава изнесуваат 29.086.911.000 додека на депозит на буџетскат асметка изнесува 21.487.471 денари што значи дека Општинава почнува со некаде со минус од 8 милиони денари. Го прашувам еве и Секторот за финансии и Градоначалнкот, ако имаат податок, колку приходи досега од 01.01 до 10.03 колку средства се собрани колку средства преостануваат на сметката ако се сервисираат

овие сите долгови? Додека во делот каде што се разработени трошоците, расходите е дека една компанија според една моја информација е автосервис, Општоинава исплатила 1.720.406 денари за одржување на возила. Тоа се некаде околу 30.000 евра. Ако знаеме дека просечна цена на едно ново возилио, кое што би служело за потребите на Општината на ЛС изнесува 10-12 иљади еврра, тука, сметам дека би можеле да се набават 3 нови возила, а се потрошиле 1.711.000 на поправка на возила и прашањево е мислам дека и реално е, што толку пари се потрошија и што се правеше на тие возила во износ од 30.000 евра? И уште една работа една ставка која што влезе во мене и ми го одзеде вниманието е една „Саунс" некоја компанија за озвучување предпоставувам дека е се потрошиле 824.000.000 денари. Ако знаеме дека минатата година немаше ниту еден настан кој што беше јавен согласно протоколите и мерките за одржување на јавни настани, што се потрошија и за што се потрошија овие 800.000 денари од граѓаните? Понатаму вели на конто 1280 – други побарувања каде што од сметководството не се пристигнати договори и друга соодветна документација која е раскнижена и уплати. Тоа вика дека се собрани приходи од граѓаните за 5.995.443 денари и сега што значи ова? Дали тоа значи дека парите на граѓаните се прибрани во општината на сметката, а за поврат не им се вратени решенија или договори за кои што тие поднеле барања и тоа е вака симптоматично затоа што сумата е поприлично сериозна. И сега на крајов еве на мојава дискусија при крај е да прашам како се планира, овде имаме една сериозна сума на побарувања, кои што треба да ги наплати Општината, дали се преземаат такви мерки? Како планираат да ги наплатат или ќе се чека на овие средства да му застари делот за побарување, па да останат после да одат во расходи? Вака од прилика тие ми се прашањата и дилемите, посебно би сакал еден осврт, односно еден одговор зошто сумите во обичната сметка и во образложението во Буџетот и во Годишниот извештај разликуваат? Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Проданоски. Се надевам дека тука може да даде одговор г-динот Звездакоски бидејќи е уклучен. Се надевам г-дине Звездакоски да се обратите.

**ДРАГЕ ЗВЕЗДАКОСКИ:**

Е вака сега, ви благодарам на дадениот збор. Направив напор да забележам еден добар дел од прашањата на почитуваниот советник Проданоски и ќе настојувам да бидам поконцизен и јасен во одговорите.

Прво, значи Основниот буџет за периодот од 1-ви Јануари до 31-ви Декември инкасира 139.602.476.000 денари,односно 53,91 % од планираните 630 милиони денари, притоа овие 339.602.000 денари не се земени пренесените вишоци на приходи од 2019 година, кои што беа испланирани во Буџетот за 2020 година, односно во оние 630 милиони денари. Кога ќе ги додадеме тие

134.383.044 на сметката на буџетот, тогаш остварувањето на приходите бидејќи се планирани и пренесените вишоци во тие 630 иди остварувањето да биде над ниво од 473.985.520 денари, односно 75,24 %. Меѓутоа во периодот од 31.01 до 31.12.2020 година реализирала расходи од 452.498.049 денари. За да ги покрија сите овие расходи Општината дел од пренесениот вишок, значи дел од пренесениот вишок од 134.384.044 денари, искористила вишок, односно приходувала вишок затоа што ги исплати своите обврски од 112.895.573 денари. Кога на овие 112.895.573 денари ќе му ги додадеме пренесениот вишок на слободни средства на 31.12.2020 година 21.487.471 денар, доаѓаме до вкупно пренесениот вишок од 2019 година 134.380.044 денари. Значи минатата година е година кога се реализирани капитални проекти за кои што во Буџетот како што кажува Градоначалнкот, се потрошени од Буџетот 190.080, односно 198 милиони денари средства, односно 42,1 % капиталните расходи учествуваат во вкупно реализираните расходи. Притоа на контото 22 – обврски кон добавувачи на 31.12.2020 година, обврските изнесуваат 29.086.911 денари. Притоа во овие 29.086.911 денари, влезени се и обврските кон изведувачот на изведувачот на работите на локалниот пат Волково – Чумово – Манастир „Св.Никола“ во износ од 18,3 милиони денари, кои што обврски останаа неисплатени заради задоцнетиот трансфер на парите како капитална донација, дотација од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој, односно од презмените обврски од Агенцијата заклучно со 31.12.2020 година, Агенцијата подмири према Општина Прилеп трасферира само 2.237.000 денари. Тоа значи ако ги одземиме 18,3 милиони, минусираме 29.087.000 денари, тогаш испаѓа дека превземените обврски паѓаат на терет на Основниот буџет се повеќе, односно Општината имала повеќе пари на сметката ако го исклучиме оваа преземена обврска од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделието и руралниот развој. Притоа да нагласам дека во текот на Јануари 2021 година, Агенцијата изврши трансфер на останатите 18,3 милиони денари во Јануари месец и тие обврски се исплатени кон иузведувачот на работите. Притоа да нагласам уште во делот на приходната страна каде што имаше забелешка г-динот Проданоски, значи минатата година и покрај проблемите во секојдневното функционирање на општинската администрација во услови на пандемија на Ковид 19 функциониуравме во текот на годината, па и денеска за жал имаме вработени во општинската администрација кои што се позитивни ли се во изолација, односно цел овој период општинската администрација работи со намален капацитет, со намален број на вработени, остварени се навистина завидни резултати во делот на приходната страна, посебно кај даноците на имот и комуналнте такси. Додека пак кај капиталните приходи, кои што се реализирани во износ од 47 милиони денари, имаме намалување на капиталните приходи по основ на концесиските надоместоци од концесионерите кои што работат на ископ намермер, гранит и други неметали, имаме намалување кај приходот од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата. Ако во 2019 година сме имале 11,8 милиони

денари близу 12 милиони денари, минатата година беа инкасирани 8,38 милиони денари намалување за триесетина по сто. Исто така намалување имаме и кај планираниот приход по основ на легализација, која што минатата година имаме остварено 4.092.000 денари, додека претходната година 2019 година имавме повеќе затоа што имаше оовеќе предмети за обработка во Секторот за урбанизам, односно се сработија повеќе предмети што беа за реализација. Тоа е во делот на прихиодната страна, во однос на расходната страна должам одговор на г-динот Проданоски зошто во Завршната сметка во делот на приходи 1.247.621.796 денари, како е дојдено до тоа? Во делот на Основниот биџет во вкупни приходи имаме реализација значи во првата графа класа 7 вкупни приходи реализирани 452.498.049 денари од нив во нејзе влегуваат 112 милиони пренесен вишок кој што го реализиравме за покривање на расходите. Кога ќе го видиме Основниот буџет со тие избалансирувања на приходите и расходите имаме 0 диспропорција, односно дебаланс на Буџетот на донации, дотации имаме остварен суфицит од 35.000.775 кај Буџетот од самофинасирачки активности има едно остварување од 650.150 денари повеќе приходи отколку расходи и кај Буџетот од донации имаме реализација од повеќе приходи од расходи во износ од 12.894.680, односно реализирани се во трите делови на буџет дотации, буџет донации, самофинансирачки активности 49.298.620. денари суфицит, додека Основниот буџет бележи дефицит од 12.895.573 денари. Кога ќе ги додадеме на 452.698 сите оствaарени приходи во сите три дела каде што имаме суфицитно остварување, дојдуваме до бројката од 1.247.620.796 денари. Ако поогледнеме значи составувањето на членот 1 фискалната табела во Завршната сметка имаме остварени вкупни приходи 1.134.726.223 денари, вкупни расходи од 1.189.170.974 денари, односно имаме дефицит остварување од 54.450.750.000 денари, од кои што кога ќе го видиме финансирањето со приливите и одливите кои што се составен дел на оваа табела испаѓа дека оние 49 милиони што се јавуваат како суфицит во крајната десна горна табела во реализација на вкупни приходи и приливов – депозитов од 63.596.953 денари го даваат износот на потрошениот депозит на Основниот буџет од 112.895.573 денари. Односно, така потрошениот депозит искористениот депозит приходованиот депозит од 63.196.953 кога ќе ги одземеме отплатите на главницата од 9.143.202 денари дојдуваме до истата сума дефицит од 54.450.750 денари. Меѓутоа, тој дефицит многу е битно со што е покриен, односно со што е финансиран. Тој дефицит е финансиран од депозитот кој што сме го имале на сметката, односно сметката на пренесениот вишок на приходи од претходна година. Составувањето на фискалната табела член 1 на Завршната сметка е по правило на Светска банка и тоа го користи Централниот буџет на државата, а ние она член 1 од оваа фискална табела од Завршната сметка ја прилагодуваме бидејќи оваа Завршна сметка влегува во Завршната сметка на Централниот буџет и таму се составен дел, односно се прикажуваат приходите, расходите, дефицитот, односно суфицитот ако го има во вкупниот дефицит и суфицит на буџетската сметка на Буџетот на Република Македонија. Уште 2 - 3

прашања имаше на кои што сакам да одговорам. На контото 1280 во Годишниот извештај каде што имаме побарувања од 5.590.000 денари тоа се уплати од граѓани и правни лица за легализација на бесправно изградените објекти за кои што или се плаќа на рати, дел се платени или се платени, а не се раскнижани, затоа што кажав дека работевме во едни специфични услови каде што работевме со половичен капацитет и не се раскнижени поединечните уплати. Тие уплати се однесени како предплата на ставка 1280 побарувања на буџетот. Во однос на другото прашање тоа што се однесуваше за поддржување на возила во одржувањето, значи во вкупниот износ на одржувањето спаѓаат и одржувањето на возилата од противпожарната заштита. Имајќи го во предвид видот и обемот на работата на противпожарната единица, имајќи ја во предвид и состојбата со возниот парк, бидејќи најголем дел е застарен возниот парк овие возила што ги користи ППТЕ, прават одредени трошоци во текот на годината за нивно одржување и покрај напорите што ги направивме за дел на освежување и обновување на возниот парк, сепак еден дел од трошоците, значителен дел е на одржување и поправки на возилата, а да се помалку ќе се однесуваат на возилата со кои раоти општинската администрација. Прашањето беше за „Сам бренд" фирмата која се занимава со озвучување на манифестации, културни манифестации, овие се обврски кои што се преземени во 2019 година. Констатирани со Годишната сметка за 2019 година, а исплатени се како обврски пренесени во 2020 година. Така да ние сме сите сведоци дека минатата година, епидемијата си го направи своето, беше редуциран т.е многу малку беше извршена Програмата за културни манифестации на Општина Прилеп. Така да овие се обврски ко што се превземени до 31.12.2019 година, не се исплатени, а се сервисирани во 2020 година. Така да во 2020 година да беше се во ред и да имавме културни манифестации. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Звездакоски. Се слушаме колеги советници? Мислам дека исцрпни одговори добивме од страна на г-динот Звездакоски. Благодарам.

Дали некој друг се јавува по однос на овие точки?

Мислам после овој обемен збор на блок на прашања, треба да бидеме задоволни од она што го слушнавме во поглед на презентирањето на овие 3 точки.

**АНДРИЈАНА РИСТЕСКА:**

Јас само кратко би сакала да прашам нешто ако може?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-ѓо Ристеска, меѓутоа, задржувајте се ако веќе поставувате прашања, максимум до две прашања. Немојте вака блокови од многу прашања да се поставуваат повелете.

**АНДРИЈАНА РИСТЕСКА:**

Разгледувајќи ја Годишната сметка во билансот на расходите на буџетот од самофинансирачки активности забележав дека процентот на реализирани капитални расходи е многу мал, значи од предвидени 6.770.000 денари, потрошени се само 520.800 денари. Значи тоа е само 7,69 % од предвидените расходи, па би сакала да прашам зошто е толку мал процентот на капитални расходи од буџетот по основ од самофинансирачки активности. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви влагодарам г-ѓо Ристеска. Повелете г-дине Звездакоски. Г-дине Звездакоски дали се слушаме. Најверојатно постои некаков технички проблем. Дали моѓе ова прашање да му се постабви во писмена форма или да добиете одговор во писмена форма г-ѓо Ристеска?

**АНДРИЈАНА РИСТЕСКА:**

Се работи значи за буџетот, затоа.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ве разбирам, меѓутоа има некој технички проблем, највероватно не гледам дека г-динот Звездакоски во моментов е во можност да одговори.

**АНДРИЈАНА РИСТЕСКА:**

Ако не може тогаш барем би сакала...

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Тогаш во писмена форма ќе добиете одговор, тука се службите же си земат обврска во најбрз можен рок да дибиете одговор во писмена форма. Ви благодарам г-ѓо Ристеска.

Дали неко друг се јавува за збор?

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Јас би сакал да поставам едно прашање.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Габроски.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Значи никаде во извештаите не постои не фигурира ЈП „Енерго-Прилеп„, кое што го формиравме и требаше да се докомплетира и доекипира. Шро станува со тоа јавно претпријатие и неговите активности?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Габроски. Г-дине Градоаначалник можеме одговор на ова прашање? Ве молам микрофонот уклучете го. Повелете.

**ИЛИЈА ЈОВАНОСКИ:**

Јавното претпријатие што го формиравме исклучиво за реализација на секундарната фасифициона мрежа што треба да се направи во Општина Прилеп, со оглед на тоа дека добивме известувања од Владата дека секундарната гасификациона мрежа восите градови во државата ќе ги прави Владата и од тие причини немаше потреба да го дооформуваме и да правиме дополнителни трошоци за правење на тоа претпријатие. Тоа е причината што остана во оваа форма до којашто е сега стигнато.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Градоначалник. Со оглед на тоа дека гледам г-динот Звездакоски и веќе уклучен, ве молам г-ѓо Ристеска поставете го прашањето. Уклучете микрофон само да ве слушаме. Ве молам кратко обратете му се на Звездакоски.

**АНДРИЈАНА РИСТЕСКА:**

Моето прашање се однесува во врска со билансот на расходи на Буџетот од самофинансирачките активности на капиталните трошоци, кои што се реализирани во текот на годината. Од предвидените 6.770.000 денари реализирани се само 520.800 денари. Прашањето ми е зошто само 7,69 % се реализирани овие капитални расходи по основ на самофинансирачките активности? Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Звездакоски.

**ДРАГЕ ЗВЕЗДАКОСКИ:**

Во однос на прашањето од почитуваната советничка Ристеска во делот на самофинансирачки активности во билансот на расходи од самофинансирачки активности реализирани се 520.800 денари и тие се реализирани капитални расходи направени од единката корисник на буџетот, Дом за стари лица. Додека планираните капитални расходи, кои што ги имаше градинката, нема реализација, не се направи реализација од планираните средства, така да таа реализацаија на

капиталните расходи, прашањето требаше да го достави почитуваната господа кога се доставуваа сметки од единките корисници Градската библиотека и училиштата. Кај основните и средните училишта немаше испланирано капитални расходи во самофинансирачките активности, значи во самофинансирачките активности значи имаше капитални расходи само Домот за стари лица и детските градинки. Значи реализацијата е во тој обем, реализирани се капитални расходи од Домот за стари лица, додека Градинката планираните активности не ги реализира, односно не направи расходи во однос на планираните за 2020 година. Тоа е што го имам како одговор.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Звездоски. Дали некој друг се јавува за збор?

Бидејќи никој друг не се јавува за збор ги молам членовите на Советот, секој поеднично да се изјаснеме по однос на првата точка.

Кој е „за" усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за четврт квартал од 2020 година?

Кој е "против", кој е "воздржан"?

Колеги советници изјаснете се сите. Со оглед на тоа дека се работи за Буџет ќе ве презивам сите поединечно:

Еленче Ташковска „за" , Јулијана Цековска „за", Зорица Кочоска „за", Светлана Велеска „за", Тони Камчески „за", Никола Багески „за", Елизабета Сурлаџија „за", Адем Мамудоски „за", Валентин Божиноски „за", Александар Чапкуноски „за", Хари Шојлески „за", Жарко Северкоски „за", Кире Тинтоски „за", Ивона Кузмановиќ „за", Ивона Кузмановиќ „за", Александар Китаноски „за", Дејан Проданоски "воздржан", Борче Јовчески, Борче Јовчески, Ирена Стерјовска – Локвенец "воздржана", Кирил Ѓорѓиески "воздржан", Јулијана Силјаноска "воздржана", Виктор Здравески, Виктор Здравески, Андријана Ристеска "воздржана", Винета Лозаноска "воздржана", Никола Габроски "воздржан", Сами Ајдини "за", Кети Бикоска "воздржана". Ви благодарам.

16 членови на Советот гласаа „за" и 8 „воздржани".

Констатирам дека со 16 гласови "за" и 8 "воздржан", Кварталниот извештај е усвоен.

Кој е „за" усвојување на Годишна сметка на Буџетот на Општина Прилеп за 2020 година?

Кој е "против", кој е "воздржан"? Читам следете ме.

Еленче Ташковска „за" , Јулијана Цековска „за", Зорица Кочоска „за", Светлана Велеска „за", Тони Камчески „за", Никола Багески „за", Елизабета Сурлаџија „за", Адем Мамудоски „за", Валентин Божиноски „за", Александар Чапкуноски „за", Хари Шојлески „за", Жарко Северкоски „за", Кире Тинтоски „за", Ивона Кузмановиќ „за", Александар Китаноски „за", Дејан Проданоски

“воздржан”, Борче Јовчески, Борче Јовчески,  Ирена Стерјовска – Локвенец, Ирена Стерјовска – Локвенец, Кирил Ѓорѓиески “воздржан”, Јулијана Силјаноска “воздржана”, Виктор Здравески, Виктор Здравески, Андријана Ристеска “воздржана”, Винета Лозаноска “воздржана”, Никола Габроски “воздржан”, Сами Ајдини “за”, Кети Бикоска “воздржана”. Ви благодарам колеги советници.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 8 „воздржани“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 8 “воздржан”,  Годишната сметка е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Годишен извештај на Општина Прилеп за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”? Читам следете ме.

Еленче Ташковска „за“ , Јулијана Цековска „за“, Зорица Кочоска „за“, Светлана Велеска „за“, Тони Камчески „за“, Никола Багески „за“, Елизабета Сурлаџија „за“, Адем Мамудоски „за“, Валентин Божиноски „за“, Александар Чапкуноски „за“, Хари Шојлески „за“,  Жарко Северкоски „за“, Кире Тинтоски „за“, Ивона Кузмановиќ „за“, Александар Китаноски „за“, Дејан Проданоски “воздржан”, Борче Јовчески „воздржан“, ,  Ирена Стерјовска – Локвенец, Ирена Стерјовска – Локвенец, Кирил Ѓорѓиески “воздржан”, Јулијана Силјаноска “воздржана”, Виктор Здравески, Виктор Здравески, Андријана Ристеска “воздржана”, Винета Лозаноска “воздржана”, Никола Габроски “воздржан”, Сами Ајдини “за”, Кети Бикоска “воздржана”. Ви благодарам колеги советници.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 8 „воздржани“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 8 “воздржан”,  Годишниот извештај е усвоен.

По **ЧЕТВРТАТА и ПЕТТАТА** точка од дневниот ред: - Одлука за давање согласнсот на Извештајот за работата на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески’’- Прилеп, со Финансиски извештај за 2020 година;  и

- Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески’’- Прилеп, за 2020 година, пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет,  г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на  овие точки. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, четвртата и петтата точка од дневниот ред, кои се однесуваат на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески’’-Прилеп беа разгледани на седницата на Комисијата одржана на 10.03.2021 година и после извештајот на предлагачот на овие две точки донесовме позитивна одлука со 3 гласа „за“ и на колегите советници им предлагаме, истите точки да бидат прифатени и на денешната седница. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точките.
Дали некој бара збор, молам да се јави.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Јас ако може пак?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Проданоски.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Едно прашање до представникот на Градската библиотека. Сега од раководителот на Секторот за финансии добивме известување за тие што се од самофинансирачки активниости, капиталните расходи значи дека не сте ја ризреализирале Градската библиотека и градинките проектите кои што ги пријавиле за во 2020 година. И да ја прашам директоркава пошто тука ја видов, зошто не се реализирале проектите и средствата остаанаа во буџетот?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине  Проданоски со нас тука е директорката на Градската библиотека г-ѓа Моника Талеска, ве молам повелете.

**МОНИКА ТАЛЕСКА:**

Благодарам почитувана Претседателке. Добар ден на сите, добар ден Градоначалниче и воедно ви посакувам успешна работа со интензивна агенда како што имавте и досега, почитувани советници, почитувани гости, почитувани медиуми.

Градска библиотека ,,Борка Талески’’-Прилеп 2020 година ќе ја запамти по 3 аспекти: прво е пандемијата, второт е максималните заложби на вработените да се соочат и одговорат на барањата и потребите и она што значи библиотечна дејност во функционирањето во вакви вонредни услови и по зголемувањето на платите на вработените за прв пат по децении. Точно е како што рековте г-дине Проданоски дека дел од нашата агенда не е реализирана. Прво Библиотеката е установа која што работи со ограничен број на кадри, кои што за жал беа инфицирани, заболени од Ковид. Библиотеката како и сите установи во државата, како што знаете беше дел од карантинот, сите, цел град, цела држава, цел свет, функционираше во такви услови. Значи со почеток од 13.03.2020 година до 6.07., целосно беше ставено ад акта нашето функционирање. На работа доаѓаа почесто директорот, административните работници се со цел да ги создадат условите, предусловите за продолжување со работа во оваа установа и сигуро во тој период се она што значеше насока, главна насока, го применувавме, подготвување на

установата за заштита од Ковид. Државата ја прогласи годината за година на штедење, година кога сите средства треба да ги насочиме кон заштита од пандемијата. Исто и Градската библиотека „Борка Талески“ во тој период одлучи сите свои планирани активности да ги одложи со одреден рок на извршување за да може да видиме што е она што не очекува кога ќе продолжиме со работа. Со оглед на реализацијата на нашите активности Градската библиотека „Борка Талески“ во текот на 2020 година го исплати и реализираше до крај тендерот за набавка на извентери во висина од 489.700 денари со што обезбедив максимална заштита во своето функционирање во поглед на трошокот за гориво, за греење така што ако до тогаш се трошеле по 1.000.100 денари за набавка на нафта и струја, сега ние успеавме со набавка на овие инвентери со намалување на трошок за струја вклучувајќи ја и сметката за декември која што ја плаќаме во 2021 година да не биде повисок од половина милион денари, што ќе рече двојно поголема заштеда. Сме набавиле литература која што исто така е исплатена за својата основна дејност и само да кажам дека основно сме успеале да обезбедиме еден навистина солиден фонд на нова литература во време на штедење од 4.491 библиотечна единица и вкупно сме дале да бидат ставени на располагање книги во вредност од 656.878 денари со што, со тоа што сме ги користеле услугите, односно бенефитите што ни ги дава Министерството за култура и националната установа во државата Националната библиотека „Св.Климент Охридски“, а голем дел од литературата што значи издавачки тренд не само во белестриката, туку и особено стручната литература ја има во нашата библиотека и е ставена на располагање на нашите корисници, особено на ученици и студенти и сите оние граѓани кои што имаат намера, желба и потреба да станат академски граѓани да се стекнат со повисоки звања. Во исто време сме воспоставиле, односно негувале и натаму соработката со МАНУ така што сите нови изданија ги добиваме бесплатно и со тоа го збогатуваме нашиот фонд. Од друга страна на наше огромно задоволство многу автори донираат бесплатно своја литература, а во исто време и многу граѓани своите домашни семејни библиотеки и ги подарија на нашата установа, така да во вакви услови, значи успеавме и сме многу задоволни што успеавме да го збогатиме нашиот фонд за литература во вредност од околу 660.000 денари, притоа да не обезбедиме голема сума од нашиот фонд. Овие средства кои што останаа на нашата сметка точно со 31.12.2020 година на буџетската сметка останаа 935.000 денари од нив 130.000 имаме обврски по основ на струја и осигурување, останатата сума се средства кои се вкалкулирани во буџетот за оваа 2021 година затоа што веќе имаме изготвени финансиски плканови, кои што веќе поминааа на претходната седница, значи нашите планови на овој начин морам да кажам дека и сите планирани активности подлежат на одредена процедура. Знаете согласно Законот за јавни набавки, согласно Законот за градба, значи адамтацијата на просторот, сето тоа како активност останува за оваа година. Ние сме задоволни бидејќи во вакви услови навистина успеавме да реализираме и дел од нашата богата програма и не само на буџетската сметка,

туку и на сметката одсопствени приходи 2019 година ја завршивме со 300.000 денари на напата сметка, а минатата година 2020 ја завршуваме со 578.000 денари, над 578.000 денари. Кој што планираме токму оваа година да ги насочиме разумно со штедење, а со цел да обезбедиме доволно простор и услуги прво за работа на установата во време на пандемија, а потоа поголем квалитет на услугите на нашите корисници. До колку имате друго прашање, стојам на располагање за одговор.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-ѓо Талеска. Дали некој друг се јавува за збор?

Бидејќи никој друг не се јавува за збор ве молам колеги членовите на Советот да се изјаснеме секој поеднечно во чат.

Кој е „за" усвојување на Одлука за давање согласнсот на Извештајот за работата на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески''-Прилеп, со Финансиски извештај за 2020 година?

Кој е "против", кој е "воздржан"?

15 членови на Советот гласаа "за" и 10 "воздржан",

Констатирам дека со 15 гласови "за" и 10 "воздржан", Одлуката е усвоена.

Кој е „за" усвојување на Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Градска библиотека ,,Борка Талески''-Прилеп, за 2020 година?

Кој е "против", кој е "воздржан"?

15 членови на Советот гласаа "за" и 9 "воздржан",

Констатирам дека со 15 гласови "за" и 9 "воздржан", Одлуката е усвоена.

По **СЕДМАТА, ОСМАТА, ДЕВЕТТАТА, и ДЕСЕТТАТА** точка од дневниот ред: -

-Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''-Прилеп, за 2020 година;

-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник"-Прилеп, за 2021 година;

- Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник''- Прилеп за 2021 година; и

-Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на помошно-техничките лица вработени во ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник"Прилеп, за 2021 година, пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на овие точки. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Благодарам Претседател на Совет. На седаницата на Комисијата за финансирање и буџет одржана исто на 10.03.2021 година, беа разгледани и точките на на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’-Прилеп. Си те точки беа позитивно оценети после Извештајот на подносителот на материјалаите и ја изгласаа со 3 гласа „за“ и на колегите советници и на Советот им предлагаме истите да бидат прифатени во целост. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине Камчески, Отворам претрес по точките. Дали некој од членовите на Советот бара збор по однос на овие четири точки?

Кој сака збор, молам да се јави.

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поедниечно, да се изјаснат.

-Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’-Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 “воздржани”.,

Констатирам дека со 16 гласови „за“ и 9 „воздржан“ Одлуката е усвоена.

-Кој е „за” усвојување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“-Прилеп, за 2021 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

19 членови на Советот гласаа „за“ и 3 “воздржан”.,

Констатирам дека со 19 гласови „за“ и 3 „воздржан“ Одлуката е усвоена.

-Кој е „за” усвојување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници во ЈОУ Дом за стари лица ,,Киро Крстески-Платник’’- Прилеп за 2021 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

25 членови на Советот гласаа „за“.

Констатирам дека со 25 гласови „за“, Одлуката е усвоена.

-Кој е „за” усвојување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на помошно-техничките лица вработени во ЈОУ Дом за стари лица „Киро Крстески-Платник“Прилеп, за 2021 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам колеги советници да се изјасниме.

24 членови на Советот гласаа „за“.

Констатирам дека со 24 гласови „за“ Одлуката е усвоена.

По **ШЕСТАТА** точка од дневниот ред: - Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУДГ ’’Наша иднина’’-Прилеп, за 2020 година, пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на ова точка. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Почитуван Претседател на Совет на седницата на Комисија за финансирање и буџет**,** одржана во средата на 10.03.2021 година исто така ја разгледавме и Годишната сметка на ЈОУДГ ’’Наша иднина’’-Прилеп, за 2020 година и за истата донесовме позитивно мислење со 3 гласа „за“ и на Советот му предлагаме да биде усвоена. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точката.

Дали некој од членовите на Советот бара збор?

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Јас.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Габроски.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Значи истото прашање би го поставил како што беше од колегата Дејан за Градската библиотека, зошто не се капиталните инвестиции во градинките направени, спроведени итн., бидејќи пошто еден подолг период градинките не работеа и имаа можност тие капитални инвестиции, а јас незнам ни кои се тие, да ги завршат без да има проблемиили да имаат пречки во работата на градинката.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Габроски. Повелете г-дине директор на ЈОУДГ ''Наша иднина''-Прилеп, Орце Тодороски повелете.

**ОРЦЕ ТОДОРОСКИ:**

Добар ден Градоначалниче, добар ден Претседателе, почитувани членови на Совет.

Состојбата за нереализирање на капитакбуте инвестции е следна: Тоа се однесува на покривот на градинката „Гоце Делчев", вкупната вредност на објектот е 5.123.222 денари. Овдека се извршени само 50 % од работите на објектот и 50 % е платено, што значи 2.592.426 денари, толку е завршено, толку е платено. Од страна на надзоеор со градежна книга сето е тоа испратено, реализирано со документ. Парите се пренесени за наредната година и останува уште да се покрие градинката со плех и да им се доплатат останатите пари, затоа што сето зависи од изведувачот. Токлу можам да кажаам за ова прашање, капиталните инвестиции не се по наша вина нереализирани и се надевам дека сега за 30 дена му е даден рок на изведувачот да ги изврши работите комплетно и да ја пушти градинката со комплетен кров.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Тодороски на одговорот.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

И јас ви благодарам за одговорот.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине Габроски. Дал некој друг се јавува по оваа точка?

Бидејќи никој друг не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поедниечно, да се изјаснат.

Кој е „за" усвојување на Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈОУДГ ''Наша иднина''-Прилеп, за 2020 година?

Кој е "против", кој е "воздржан"? Ве молам изјаснете се.

16 членови на Советот гласаа „за" и 8 „воздржан".

Констатирам дека со 16 гласови "за" и 8 "воздржан", Одлуката е усвоена.

По **ДВАЕСЕТИСЕДМАТА** точка од дневниот ред: - Одлука за донесување на Регулациски план на ГУП за град Прилеп за ЧЕТВРТ 7 во БЛОК 7.3, КО Прилеп, Општина Прилеп, пред да отворам претрес го најавувам претседателот на Комисија за урбанизам, г-дин Никола Багески да го поднесе извештајот по однос на оваа точка. Повелете г-дине Багески.

**НИКОЛА БАГЕСКИ:**

Благодарам Претседателе. Комисија за урбанизам го разгледа Регулациски план на ГУП за град Прилеп за ЧЕТВРТ 7 во БЛОК 7.3, КО Прилеп, Општина Прилеп, истиот се најдува описно кажано од ООУ „Кочо Рацин“ до јарболот до Градска кафана до „Тинекс“ и до стара Автобуска станица. Комисијата го усвои и на членовите на Советот им предлага истиот да биде усвоен. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине Багески. Отворам претрес по точката.

Дали некој од членовите на Советот бара збор?

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот, секој поединечено да се изјаснат.

Кој е „за” усвојување на Одлука за донесување на Регулациски план на ГУП за град Прилеп за ЧЕТВРТ 7 во БЛОК 7.3, КО Прилеп?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

24 членов на Советот гласаа „за“

Констатирам дека со 24 гласови “за” Одлуката е усвоена.

По **ДВАЕСЕТИОСМАТА** точка од днвниот ред: -Одлука за прифаќање на донација на Општина Прилеп, пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на ова точка. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Точката за донација беше разгледана на Комисијата за финансирање и буџет на 10.03 во средата, која се однесува за донација на Мермерен комбинат во корист на Општина Прилеп. Како и секоја година, така и оваа година Мермерниот комбинат има донација во однос на чакал, кој се однесува за оваа 2021 година и истата точка е разгледана и донесена е одлука со 3 гласа „за“ да му предложи на Советот да биде усвоенА. Благодарам Претседателке.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точката.

Дали некој од членовите на Советот бара збор.

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот, секој поединечено да се изјаснат.

Кој е „за” усвојување на Одлука за прифаќање на донација на Општина Прилеп?

Кој е “против”, кој е “воздржан”? Ве молам да се изјаснеме.

24 членови на Советот гласаа „за“.

Констатирам дека со 24 гласови “за” Одлуката е усвоена.

По **ДВАЕСЕТИДЕВЕТТАТА** точка од днвниот ред: -Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп, пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на овaa точка. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Благодарам Претседател на Совет и оваа дваесетидеветта точка на Советот на Општина Прилеп е разгледана на денешната седница на Комисијата за финансирање и Буџет. Самата точка се однесува на заштита на личните податоци на луѓето кои аплицираат за еднократна помош и останатите уплати од страна на Општина Прилеп. По извршената ревизија во Општината е заклучено дека треба да се направат измени кои што не влијаат суштински во однос на самиот закон, затоа им предлагаме на советниците да ја прифатат онака како што е предложена од страна на предлагачите на материјалите. Значи во целост да се прифати како што е предложена од предлагачите на материјалот. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине Камчески.Отворам претрес по точката.

Молам кој сака збор?

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот, секој поединечено да се изјаснат.

Кој е „за" усвојување на Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите и постапката за доделување на средства од Буџетот на Општина Прилеп?

Кој е "против", кој е "воздржан"?

23 членови на Советот гласаа „за"

Констатирам дека со 23 гласови "за" Правилникот е усвоен.

По **ТРИЕСЕТТАТА, ТРИСЕТИПРВАТА, ТРИЕСЕТИВТОРАТА и ТРИЕСЕТИТРЕТАТА** точка од дневниот ред: - Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди;

- Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за купување на велосипеди за 2021 година;

- Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор; и

- Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор за 2021 година, пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на ова точка. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Благодарам Претседателке. На Совет во однос на овие четири точки, кои ги разгледавме на денешната седнаица на Комисијата за финансирање и Буџет, а се однесуваат на субвенционирање на граѓаните на општина Прилеп за велосипеди и за грејни тела инвертор како и ланската година, така и оваа година Локалната самоуправа Градоначалникот и Советот на Општината ќе додели субвенции за подобување на животната средина во Општина Прилеп. Така да на денешната комисија беа потврдно прифатени овие 4 точки и му предлагаме на Советот да бидат прифатени во целост. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точките.

Дали некој од членовите на Советот бара збор молам да се јави.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Јас сакам збор.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Проданоски.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Имам две работи за кои што вака гласно и јавно ќе размислувам. Прво ги гледав правилниците и ги споредував со други општини. Во нашиов Правилник нема дел во кој што и после добивањето на средствата би ги ограничиле корисниците, ако овие средства велиме дека се обезбедени од средствата од ставката од буџетот за екологија, тогаш треба да направиме и предуслови, односно услови составени за мерката да биде искористена во права насока. Што сакам со ова да дажам? Дека во делот, односно во членовите 6 во двата правилници вели дека, посебно за овој вториот за добивање на средства за купување на инвертер клима вели дека до моментот на поднесувањето на

барањето треба да биде корисник на печка, дрва, нафта или мазут. Максималниот износ кој што го предвидува Општината еве сега е 10.000 денари, кој што ќе изнесува. Во другиве општини стои уште еден обврзувачки момент, односно член во кој што вели дека не е само целта да му купиме ние клима на тој што ќе биде конкурент, односно на тој што ќе ги добие средствата од субвенции, туку да спречиме дополнително загадување. Кај ние е кај нас како Општина да дадеме 10.000 денари по семејство, а да не сме сигурни, односно да немаме информација што се случува после тоа. Зошто да не се воведе, да се измени Правилников, како што е во другиве општини да се додаде уште еден член или нов став во овој членов 6 и да речеме дека овој што добил средства од Општина Прилеп треба да го ограничиме или незнам колку што е животниот век на таа клима, незнам 4 или 5 години, да не троши други горива кои што дополнително би ја загадувале животната средина. Со ова според мене, ние даваме средства сега, се купува инвертер клима, ја нарушуваме енергетската слика на државава со тоа што дополнително ќе има потрошувачка на струја, а немаме гаранција дека тој истиот што ќе ги добие тие 10.000 денари, нема утре или други ден пак да си го запали шпорето и дополнително ја загадува животната средина, а добил субвенција од Општинава. Предлагам ако има слух да воведимме дополнителен член оти ова не е мерка само за популизам да потрошиме 4 милиони за климите и за велосипедите 5 милиони денари пари на граѓаните, да дадеме заштита, односно подолгорочно да направиме да се заштитува животната средина, односно да добиеме помалку гасови кои што загадуваат и што предизвикуваат стаклена градина. Да додадеме уште еден став илу уште еден член тој што ќе добие субвенција и ќе го ограничиме следните 5 години ако му се направи контрола нема печка на тврдо гориво или на нафта или на мазут и со тоа добиваме некоја заштита за Општинава и ги оправдуваме средствата кои што што ќе им се доделат на грашаните. Исто и за велосипедите ајде да видиме да најдеме некој модус со кој што според Правилникот ќе речеме го купуваш велосипедот, ама нема колекции да правиш, со тоа ќе ти се даде овврска да го користиш на работното место, да одиш, незнам кога ќе имаш потреба низ градов да функционираш да не ја загадуваш дополнително животната средина. Пошто се средствата од таква ставка сметам дека треба да се направи дополнителна измена на овие правилници и да влези во сила, односно да ги изгласаме како такви. И за крај, односно ова требаше за почеток, би сакал да ги видам извештаите како истава акција помина минатата година, колку имало конкурирано, колку добиле средства од Општината? Дали сите тие средства биле исцрпени. Колку што се сеќавам огласот беше баш распишан во времето кога стана пандемијава и повратен епилог, односно извештај се претпоставуваше кога ќе носиме следна ваква одлука треба да имаме да ги видиме импликациите што сме ги направиле, што сме ги доделиле за тие 5 милиониу средства,ако не се лажам, и лани беа истата сума. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Проданоски. По однос на извештајот тоа како се искористија лани средствата и колку беа доделени инвертер клими имаше имаше јавно достапно беше на ВЕБ страницата до сите граѓани да можат да си проверат, значи можеше да се провери и точно по име и презиме и кој добил. Но тука еве позапознат е и мислам дека подетални информации може да ви даде Претседателот на Комисијата за финансирање и Буџет г-динот Александар Китаноски. Ќе го повикам за збор, повелете г-дине Китаноски.

**АЛЕКСАНДАР КИТАНОСКИ:**

Како прво минатата година јавниот повик беше објавен на 01.03.2020 година колку што се сеќавам за клими беа доделени сумата беше 4 милиони денари, аплицираа околу 320 апликанти, 327 , седум само апликант со некомплетна документација, значи 320 семејства во Прилеп ја искористија таа можност. Додека за велосипедите околу 300 апликанти беа колку што се сеќавам, треба подобро од Одделението за финансии да ми кажат бројки. По однос на забелешките од Продаоски, знач вие можевте како советничка група да интервенирате бидејќи го имавте од петокот, а денеска се одржа комисија и да делувате во тој правец. Во врска со забелешката за веслосипедите сега. Се доделуваат субвенции сега и некого да го ограничите дека мора да се движи со возилото до работно место и од работно место или да не сообраќа со сообраќајното возило и таков Правилник ми се чини дека нема никаде во Македонија. А можевте и вие како претходна локална власт во изминатите 20 години да работите нешто во овој правец за поздрава и почиста животна средина. Толку благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Китаноски. Јас овде само едно мало дополнување ќе дадам. По однос до извештајот значи јавно достапно беше г-дине Проданоски и може на ВЕБ странатa на Општина Прилеп да ги проверите податоците. По има и презиме се дадени сите корисници и на број, а за тие што се одбиени дадено е образложение зошто се одбиени. Што значи дека максимално транспарнтна е постапката по однос на тоа прашње. Во однос на ова што го давате како предлог за да се дополни правилникот, во овој момент јас незнам колку е тоа изводливо. Треба да ја тргнеме точката од дневен ред, меѓутоа во интерес на граѓаните, добро е да поминат овие правилници. Јас малку се консултирав тука со присутните од службата за организирање на седниците на Совет и дадоа образложување. Вие самите и во материјалите прочитавте дека Градоначалникот понатаму откога ќе ги донесеме ние овие правилници, формира Комисија за спроведување на мерката. Значи трочлена комисија, самата таа трочлен комисија вршеле увид на лице место дали тие инвертор клими се поставени и дали се во употреба. Што значи дека контролата на некој начин е овозможена. Од друга страна не можам да

предпоставам дека викате популизам, не е популизам, зошто некој би поставувал инвертор клима ако и понатаму смета да се грее на тврдо и на течно гориво. Совеста на граѓаните оди натака ако едно веќе потрошил средства за инвертор клими која што кошта 30 и подобра 40.000 денари, мислам дека залудно никој не би потрошил за понатаму пак да се врати на греење, а таа да му стои само како украс на куќата. Предпоставувам дека и тој елемент кој што и вие го кажувате дека и контролата дали е правилно употребена оваа инвестиција, односно субвенција е присутна бидејќи самата Комисија која што ја формира Градоначалникот излегува на терен и врши увид. Ви благодарам.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Реплика ако може само.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Може. Повелете.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Вака сега, прво не е во ред да ги вадиме тезиве од контекст, а беше во насока на подобрување.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Не е во насока на подобрување, се извинувам на вадење од контекст.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Се извинуваме има право да дадеме реплика. Значи беше во насока на конструктивност, односно подобрување на некои работи. Во ред е, Извештајот не го побарав јас за да... како да речам со тоа да го изразам мојот сомнеж кон процесот, во ред е, само чисто реков да прашам импликациите, да прашам дали има интерес, дали граѓаните се заинтересирани за овие мерки, за тоа беше. И уште ако дозволите  за крај г-дине Китаноски тие 20 години се завршени пред 4, не е во ред сега да спомнуваме пред 20 години. Ние сме сега членови на Советот во овој мандат и затоа јас зборувам. Нити сум бил пред 20 години член на Совет, нити сум можел да интервенирам во овој дел. Сега сум, сега прашувам, сега кажувам. Во ред е ги прифаќам забелешкиве, мислам дека не е коректно сега да се вадат тезиве од контекст и да се спомнуваат работи кои што нити се, нити пак вредат да се спомнуваат. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам. Дали некој друг се јавува за збор?

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поедниечно, да се изјаснат.

-Кој е „за" усвојување на Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за купување велосипеди?

Кој е "против", кој е "воздржан"?

24 членови на Советот гласаа „за"

Констатирам дека со 24 гласови "за" Правилникот е усвоен.

-Кој е „за" усвојување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за купување на велосипеди за 2021 година?

Кој е "против", кој е "воздржан"?

24 членови на Советот гласаа „за"

Констатирам дека со 24 гласови "за" Одлукаата е усвоена.

-Кој е „за" усвојување на Правилник за користење на финансиски средства од буџетот на Општина Прилеп за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор?

Кој е "против", кој е "воздржан"?

26 членови на Советот гласаа „за"

Констатирам дека со 26 гласови "за" Правилникот е усвоен.

-Кој е „за" усвојување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција/надомест на дел од трошоци на граѓани на подрачјето на Општина Прилеп за набавка на грејни тела со инвертор за 2021 година?

Кој е "против", кој е "воздржан"?

25 членови на Советот гласаа „за"

Констатирам дека со 25 гласови "за" Одлукаата е усвоена.

По **ТРИЕСЕТИЧЕТВРТАТА** точка од дневниот ред: - Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, за 2020 година, пред да отворам претрес го повикувам најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на овие точки. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Благодарам почитуван Претседател на Совет. На денешната седница на Комисијата на Комисијата за финансирање и буџет беше разгледана и оваа 34-та точка, која се однесува на на ЈКП ,,Водовод и канализација''-Прилеп, истата е разгледана и е донесена позитивна. На Комисијата присуствуваа сите пет члена на

комсијата и со 3 гласа „за“, 1 „воздржан“ и 1 од советниците не гласаше. Така да на колегите советници им предлагаме оваа точка 34-та на ЈКП ,,Водовод и канализација’’ да биде прифатена. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОСКА:**
Ви благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точките.
Дали некој од членовите на Советот бара збор?

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**
Јас се јавувам за збор.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОСКА:**
Повелете г-дине Габроски.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**
Имам неколку прашања или забелешки во врска со Извештајот. Пред се со привремените вработувања. Износот за 2020 година е надоместок за привремени вработувања на превземените работници е 19 милиони од прилика, да не ги редам сите сифри. И разликата е 3 милиони во однос на извештајот од 2019 година. Прашањето е дали стварно е толкав број потребен на вработувања преку Агенција за привремени вработувања и прашањето не е толку за бројот на превземени работници, туку за износот на провизијата која што се плаќа на агенциите, кои пари можат да се користат на друг начин или за подобрување на работата на самото јавно претпријатие. Во Извештајот не е внесен колкав е износот на провизијата, меѓутоа, со оглед на претходни извештаи дека отприлика околу 7 %, тоа значи дека некаде околу 1.000.400 - 1.000.500 денари се дадени само на име на провизија на Агенцијата за привремени вработувања која што го добила тендерот и која што ја работи таа работа.

Второто прашање на што се должи разликата од 15 милиони на сметка на амортизација во однос на износот на амортизација за 2019 година.

Третата работа е зошто во финансиските извештаи нема никаква информација за ГИС проектоткој што се работи, како и средствата за тој проект и каква е реализацијата на истиот и преку средствата ќе се знае во однос на овој проект до каде е стасан, но и што се работи на истиот.

И последното прашање дали е пак поврзано со ГИС проектот, дали се точни информациите дека наводно 5 милиони денари вратен аванс на овој проект од страна на носителот на проектот се влезени во стечајната маса на Еуростандард банка и ако е точно, зошто е тоа така? Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОСКА:**
Благодарам г-дине Габроски. Повелете г-ѓо Тренкоска представник од ЈКП „Водовод и канилација„ – Прилеп, повелете.

**ЦВЕТЕ ТРЕНКОСКА:**

Добар ден почитувана Претседателке, почитуван Градоначалник, почитувани советници.

Од страна на советникот Никола Габроски ни беа како институција поставени 4 прашања. И сакам секое поединечно да ви го елаборирам.

Предвремени вработувања – неколку пати јас ви кажував, ви напоменувам на секои мои излагања дека беше побарано од ваша страна споредбени податоци. Точно во 2019 почнавме со работа за пречистителна станица, но со недоволен кадар. А официјално во 2019 година почнавме и да фактурираме тарифа да воведиме во сметките за пречистителна станица, но самата работа 24/7 која што ја бара пречистителната станица, утврдено е дека ни е потребен кадар. Кадарот што работи во пречистителната станица е високотехнолошки кадар и самата работа ни побара вработувања, кои што бројчано не се големи во моментов. А активирани вработени од страна преку Агенција се само 35. Од разликата мислам на зголемени трошоци не е точно затоа што услуга сезонски работници тие 19.000.050 што ги спомнавте, да точно е, но се работи за цела деловна 2020 година. 2019 година немавме толку вработени затоа што и самата тарифа и самото отпочнување беше официјално од Февруари, Март. Имавме порано, но тие беа кадар од аспект на пример на стражарска и некој друг персонал, но не е исто и водење и на целиот технички-технолошки процес.

Второто прашање беше на што се должи зголемената веројатно амортизација и тие приходи. Неколку пати ви објаснувам истото се случува, не само со овој трошок што рефлектира, зголемен е и трошокот за амортизација. Зошто, од страна на вашиот Совет ни беа во почетокот дадени 37 објекти од пречистителна станица. Во оваа амортизација беа вклучени само амортизацијата на објектите. Со г-динот Драги Звездакоски бевме во Министерството за финансии ја презедовме комплетната техничка документација за пречистителната станица. Тоа нешто се одвиваше во Јуни и Јули месец 2019 година и ние фактички опремата, која што е енормно скапа за таа пречистителна станица. Ја активиравме во 2019 година во Август месец, но во оваа пресметка од 60.080.353 беа пресметани само амортизација за опрема добиено до донација од пречистителна станица само 4 месеци амортизација. Што не е и случајот во 2020 година. Во 2020 фактички за цела година е пресметана амортизација на тој објект и ние не можеме претходно ни да го планираме овој трошок, туку со изработката на самата Годишна сметка кога се пресметува за цела опрема изнесува 76.203.370 денари. Значи амортизацијата ни ја зголеми целата годишна пресметка на опремата преземена од Општина со записник од лицето Драги Звездакоски. Но во 2020 година секоја година имаме тендери за реконструкција од сопствени средства и на водоводна мрежа што исто го зголемува овој трошок и тоа: Зголемени водоводна мрежа, реализирани тендери во целост исплатени од 32 милиони денари и 8 милиони канализациона мрежа. Оваа амортизација често пати поставувано прашање точно од истиот советник Никола Габроски. Не е признат

трошок во финансискиот резултат на работењето. Овој трошок ако е добро погледнеме пресметката ќе видите дека кај приходот од конто 769 останати приходи од работењето а ќе имаме зголемен приход за истиот тој трошок што се јавува на конто 4332. Ова мора така да го работиме по сите стандарди на изработка на една годишна сметка на ЈП кое што има добиено средства од донација. Кога ќе го погледнете Годишниот извештај на контото 769 претходната година сме имале остварени приходи 44.807.845, точно на таа седница и ланската година истово прашње бев на говорница, ви објаснив. Не се овие средства како парични средства што ги добило и наплатило жирално ЈКП „Водовод и канализација“. Туку од тие 60 милиони ланска амортизација сме приходовале 44 милиони, оваа година од 76.200.370 приходоваме 59.921.997. Што значи во резултатот од едната страна истиот трошок, од приходовната приходот на ова контро што ви го објаснив не дава никаков ни позитивен, ниту пак позитивен ефект во работењето на „Водовод и канализација“. Повторно напоменувам ова конто не се парични средства туку спротивставување на приходи со трошоци, тоа е законска регулатива и се извршува после изработката на Годишната сметка, мислам после пресметките кои што се пуштени и тие непризнати расходи од бесправно добиени основни средства донација, мора да ги приходоваме. Тоа ни го бара МСС 12 стандард.

Третото прашање се однеуваше на ГИС проектот. ГИС проектот е речи си во целост реализиран, опремата е набавена и дел од средствата беа вратени. Но за тој проект јас значи не сум била инволвирана. Опремата е активирана, исто на нејзе е пресметана амортизација, исто приходована. А за тужбата и за средствата со 5 мулиони најверојатно треба да даде објаснување директорот, кој од оправдани причини денеска не е тука и можеме да ви дадеме само писмена информација на сите учесници кои што се инволвирани. Инаку овластено лице за тој проект е директорот. Јас не можам да ви дадам одговор за ГИС проектот. Не за средствата што се во Еуростандард банка затоа што ние ги добивме тие како средства, како основни средства кои што се активирани, а книжбите и изводите значи не ги работиме на тој проект ние, туку тој проект си е како засебен циклус регистриран правен субјект во Централен регистар, тие не идат мислам до нас. Само основните средства купени се и веќе се дефакто и во функција од ГИС проектот.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОСКА:**

Ви благодарам г-ѓо Тренкоска. Се извинувам, се извинувам г-дин Габроски со ред. Госпоѓо Тренкоска во ред.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Барам писмен одговор само за проектот, за другите прашања е во ред. Одговорите се сосема издржани.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Габроски. Тука се Мартина и Марија од организација на седниците на Совет.

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поедниечно, да се изјаснат. Писмено ќе го проследат прашањето до директорот на ЈКП ,,Водовод и канализација'' и во писмена форма ќе бидете известени.

Дали некој друг се јавува за збор?

**ИРЕНА СТЕРЈОВСКА – ЛОКВЕНЕЦ:**

Јас ако меже Претседателка.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-ѓо Ирена Стерјовска – Локвенец. Добро е да се уклучите и видео бидејќи сте говорник. Пожелно е во иднина кога некој се јавува за говорник да го имаме и видео аудио да го слушаме. Повелете.

**ИРЕНА СТЕРЈОВСКА – ЛОКВЕНЕЦ:**

Не сум во можност сега ќе ме извините Претседателке. Имам една информација, до представникот ова се однесува на ЈКП „Водовод и канализација" доколку е запозната со ова прашање кое што сакам сега да го поставам. Се работи... дали може да ни дадете дополнително објаснување. Имаме информација дека од Комисијата за корупција е поднесена иницијатива поради тоа што во неколку наврати директорот прави доплата, награда на неколку луѓе, сигурно блиски негови соработници во износ од 30.000 денари или 500 евра. Па сакаме да ни појасните дали сте запознати со ова дека има представка до Комисијата за корупција и за што станува збор?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Се извинувам ви благодарам г-ѓо Стерјовска – Локвенец, повелете г-ѓо Тренкоска.

**ЦВЕТЕ ТРЕНКОСКА:**

Вака јас се јавувам вистина како представник, но јас сум помошник раководител на Финансов сектор. Ние имаме овластено лице во моментов, не држетеме за збор Илија Иваноски кој што располага со тие информаци човекови ресурси. Ве замолувам како и прашањето што беше од Никола Габроски, прашањето да го формулирате и во најбрз кус рок на пример, ќе ви ги дадам од архива ќе ги извадиме и ќе ве информираме. Мислам не можам да ви кажам за некој предмет што го немам ни видено, а камо ли сработено. Јас официјално сум представник точно за Годишнава сметка бидејќи бидејќи сум инволвирана и работам по документи официјално стигнати во „Водовод и канализација". Али што се однесуваат само за Годишната сметка и за податоците кои што се во

пресметката. Вистина уште еднаш ќе се извинам од името на директорот бидејќи од оправдани причини не е присутен. Мислам дека тој за едното прашање би ви дал одговор. Вие знаете дека тој стално присуствува на сите седници кои што се, но од оправдани причини не е, се извини, го извинив. Се извинувам во негово име уште еднаш и ве замолувам овие две прашања да ги доставите во писмена хартиена форма и се надеваме во најскоро време, ма да со оглед на тоа што навистина работиме во вонредни услови бидејќи имаме доста кадар позитивен во моментов, ма да одговорот официјално ќе ви биде во писмена форма по тие две прашања.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-ѓо Тренкоска. Со оглед на тоа што даде добро образложување претставникот, Марија и Мартина се тука, ќе бидат проследени прашањата онака како што е ред и се надевам дека во најбрз можен рок ќе добиете, односно ќе добиеме сите одговор на овие прашања. Ви благодарам.

**ИРЕНА СТЕРЈОВСКА – ЛОКВЕНЕЦ:**

Извинете Претседателка, само да се надополнам. Дали ќе треба писмено да се обратам или ќе биде превземено од дискусијата?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Тука се службите за организирање на седниците, прават се што треба. Овие прашања ќе бидат испратени во писмена форма од Советот како советничко прашање и ќе си добиете одговор повторно преку Советот, знаете како е редот. Ви благодарам. Дали некој друг се јавува за збор?

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поединечно, да се изјаснеме и ве прозивам веднаш.

-Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Водовод и канализација’’-Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Еленче Ташковска „за“ , Јулијана Цековска „за“, Зорица Кочоска „за“, Светлана Велеска „за“, Елизабета Сурлаџија „за“, Адем Мамудоски „за“, Валентин Божиноски „за“, Александар Чапкуноски „за“, Хари Шојлески „за“, Жарко Северкоски „за“, Кире Тинтоски „за“, Ивона Кузмановиќ „за“, , Александар Китаноски „за“, Дејан Проданоски “воздржан”, Борче Јовчески „воздржан“, Ирена Стерјовска – Локвенец “воздржана”, Кирил Ѓорѓиески„воздржан“, “воздржан“, Јулијана Силјаноска “воздржана”, Виктор Здравески, Виктор Здравески, Андријана Ристеска “воздржана”, Винета Лозаноска “воздржана”, Никола Габроски “воздржан”, Сами Ајдини “за”, Кети Бикоска “воздржана”. Ви благодарам. Се

извинувам што се прозивавме, меѓутоа на претходните 2 точки ни се случи да имаме 24, да имаме 26. Некој највероватно се повтори во изјаснувањето и затоа моравме во ваква форма со оглед на тоа што и двајца колеги не гласаат.

14 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржани“.

Констатирам дека со 14 гласови “за” и 9 “воздржан”, Одлуката е усвоена.

По **ТРИЕСЕТИПЕТТАТА и ТРИЕСЕТИШЕСТАТА** точка од дневниот ред: - Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Пазари’’-Прилеп, за 2020 година; и

- Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати за вработените во ЈКП „Пазари“ Прилеп за 2021 година,пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот од Комисијата по однос на овие точки. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Благодарам Претседателке. На денешната седница на Комисијата за финансирање и буџет беа разгледани 35-тата и 36-тата точка, кои се однесуваат на ЈКП „Пазари“ и за истите е донесена позитивно мислење и со тоа на колегите совестници да ги усвојат во предложениот текст.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точките.

Дали некој од членовите на Советот бара збор?

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Јас Претседателке.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Габроски.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Не би зборувал за резултатите од Годишниот извештај, очигледни се со самиот факт дека приходите од субвенции учествуваат до 43,98 значи со 44 % во вкупните приходи, јасна е состојбата. За тоа и ние придонесовме со тоа што донесовме одлуки со кои ги ослободуваме пазарџиите и закупците од закупнината, меѓутоа, констатација е дека мора да се бараат дополнителни извори на приход за ЈП со оглед на тоа дека можеби оваа ситуација можеби и ќе потрае подолго време. Имам само едно конкретно прашање. За кое земјиште се работи во делот на расходи? Кое се обезвреднува за сума од 1.694.000 денари и со кое амортизацијата се покачува на 1.094.921 денар? Таму пишува само земјиште, мене ме интересира за кое земјиште станува збор?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Габроски. Гледам дека не се уклучува нешто. Г-ѓа Роза Петреска повелете.

**РОЗА ПЕТРЕСКА:**

Добар ден почитувани. Во одговор на г-динот Габроски значи на 11.02.2017 година на тогашната одржана седница, донесена е одлука на Управниот одбор за отпис на земјиште по парцели кои што се наведени во оваа одлука со цел да се изедначи вистинската вредност, мислам вредноста на земјиштето, со кое во моментов стопанисува ЈКП. На оваа седница е донесена иста таква одлука дека во 5 последователни години да се изврши овој отпис на товар на трошоците. Е сега изгледа и од мојот претходен колега има несогласување со оваа одлука, а исто и од моја страна, заради тоа што ова треба да оди по сите сметководствени стандарди, да оди на многу подруг начин. За таа цел ние ја ставивме во мирување и се донесе упатство одлука на сегашниот Управен одбор да се достави барање на мислење спрема Локалната самоуправа, па се пријавивме за ревизија, а исто така распишавме и конкурс за изработка на ревизорски извештај. После ревизорскиот извештај откако Ревизорската куќа која што беше ангажирана, не даде никаква оценка ни дали треба, ни дали не треба, односно комплетно се согласи во спроведените таму претходни одлуки и книжења, моравме да постапиме према истата одлука. Е сега како ќе биде, знаеме дека оваа одлука го оптоварува буџетот и мислиме дека буџетот на ЈКП. Меѓутоа, повторно се обраќавме, се имаме обратено до ЛС за да ни даде насоки како да се искорегира вредноста на земјиштето со кое располага ЈКП.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Господине Габроски дали сте задоволен од одговорот или сакате во писмена форма.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Сакам во писмена форма и точно да се дефинира кое е тоа земјиште. Дали е тоа од пазарот, дали е од пошироката околина, дали е кај што се овие управните овај објектите згради, објектите што се под кирија. Во поранешниот период беше тука и сточното пазариште со кое управуваше ЈКП „Пазари“ итн. Значи бидејќи онака проблеми има, подетално во писмена форма да ми се испрати одговорот на моето прашање.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Г-дине Габроски се надевам дека во најбрз можен рок ќе ви биде одговорено по однос на ова прашање. Дали некој друг се јавува за збор?

**САМИ АЈДИНИ:**

Ако може јас Претседателке Сами Ајдини се јавува.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Сами Ајдини.

**САМИ АЈДИНИ:**

Благодарам. Почитувана Претседателке ако слушнав две реченици кои што еве како предлагачи кои што сакаме да ја гласаме точката, а самите врз основа на контрадикторноста која што ја кажуваат, викаат дека објавиле конкурс, ангажирале ревизорска куќа и ревизорската куќа не им дала оценка или насока што да прават со истото земјиште. И сега тука иде до забуната на која што јас лично сум забунет. Ако веќе ревизорска куќа не ви даде оценка, препорака, насока, да ви укаже на тоа како треба да го спроведите и што треба да направите правно врз основа на документацијата која што ја имате, како барате од Советот и највисоките органи на Општината, истото да го стави на дневен ред и да го гласа. Тогаш незнам... Еве ќе зборувам од човечки аспект или можеби од незнаење дека врз основа на ревизорските куќи кои што ги даваат извештаите во глобала, даваат комплетна слика за целосната потреба за што се објавува конкурсот. И ако веќе ревизорската куќа не им дала насока, оценка или препорака што да прават со тој предмет, тогаш да го повлечат, а не незнам на Управен одбор или да го разговараат или да носат одлука и да ни го пуштат нас на Совет. Искрено јас нема да гласам за оваа точка да да не доведам до следни проблеми. Вака искрено ЈП незнам како функционира, незнам кој им дава совет за вакви точки, ама мислам дека добро треба ова да го разгледаат, да го вратат назад и нда видат ревизорската куќа, пошто мислам дека веќе ја платиле за она кој што го објавиле конкурсот. Како може ревизорска куќа која што се пријавува на конкурс, му се дава документација и не ви дава насока за она кое што вие барате да ви дадат мислење. (Ништо повеќе не се слуша, нема глас).

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Не ве слушаме како што треба и најверователно техничкиот проблем е од кај вас. Можеби треба целосно да се исклучите.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Предлагам сите да ги исклучиме микрофоните да видиме дали ќе се отклони проблемот. Исклучете ги микрофоните пошто слушаме, а немаме потреба да зборуваме во моментов. Повелете г-ѓо Петреска.

**РОЗА ПЕТРЕСКА:**

Вака сега. Работата на ревизорите беше претходната година 2020 година и пошто истите тие не се изјаснија дали е тоа во ред или не е во ред, ние мораше да

постапиме спрема претходната одлука што е донесена на Управен одбор. А работите не се контрадикторни доколку е се како што треба, ама сега тоа е. А доколку сака господинот и за него можеме писмено известување врз основа на која одлука се спроведени книжењата. И исто така бараме мислење од основачот заради користење, а сега истиот тој го има одземено, а сеуште стои во евиденција кај нас.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-ѓо Петреска, слушнавме некое дополнително објаснување. Дали сте задоволни од одговорот? Повелете.

**САМИ АЈДИНИ:**

Почитуваната г-ѓа се изјаснила дека тие морале да се вратат врз основа на претходно утврдена одлука која што ја имаат донесено. А ние сигурно како Совет пошто мора да помини таа одлука кај нас, пошто таа одлука сигурно била помината од Советот 2019 ако не се лажам и 2020 година, па така да врз основа на таа одлука оние веќе требало да имаат и решение. Тогаш зошто е вратена назад? Ние немаме записник за да можеме да го видиме тоа, за да можеме да разговараме на тоа и немаме никаква изјава и поднесок до Советот на Општина Прилеп каде што ние би дала позитивно или негативно, кој како ќе се изјаснеме, па врз основа на тоа па да се дискутира денеска на оваа седница како новоа решене. Така да не гледам дека објаснувањето дека држи вода за тоа, затоа што тие неколку пати го враќале, па повторно сакале да добијат решение. Но, еве директно денеска јас гледам проблем дека ова не е за дневен ред, требало можеби да се повлечи или генерално да се увиди правната регулатива која што треба да се донесе во ова јавно претпријатие. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам. Исклучете се г-дине Сами. Се извинувам г-ѓо Петреска. Со ред, му благодарам на г-динот Сами и давам збор на претставникот на претпријатието „Пазари“. Ние ќе се исклучиме во моментов за да можеме да ве слушаме непречено. Повелете г-ѓо Петреска. Најверојатно има технички проблем исклучени се, воопшто не можеме да ги добиеме. Останува и на ова прашање да имаме писмен одговор г-дине Ајдини Сами. Со оглед на тоа што носиме Годишна сметка за работењето на ЈКП „Пазари“, денеска е последниот рок, ние мора да се произјаснеме како Совет, а за одлуките што ги нодссат во УП, нека си поводат малку сметка во ЈП.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Дали може реплика?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**
Повелете.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**
Репликата може да помине како процедурално, репликата не се однесува на јавното претпријатие туку на Комисијата за финансирање и буџет која што го разгледувала овој извештај. Требало да поведат повеќе внимание и ако имало претставник од ЈП на самата седница повеќе да ја испитаат ситуацијата да не се доведувам во ваква состојба доаѓме ние сега во ситуација да се раправаме и да не знаеме за што да гласаме и како да гласаме. Толку.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**
Ви благодарам –гдине Габроски.

**САМИ АЈДИНИ:**
Само процедурално Претседателке ако може.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**
Повелете г-дине Сами Ајдини.

**САМИ АЈДИНИ:**
Во однос на јавните претпријатија. Како советник на кој што ни истекнува мандатот за многу малце време и праксата која што долго време ја практикуваaa, да не ни биде наследна, нека не чека последниот датум за да може ние овде денеска 5 сати да седиме и да дискутираме и за нешто што навистина, јас барем така мислам не заслужува време да потрошиме за нешто што претпријатието не можат да си го средат правно. Знаеме колку правници и колку луѓе имаат вработено јавното претпријатие, користат народни пари. Нека не не носат во заблуда како советници и секако дека во многу тешки услови работиме онлајн, читаме, прекинува, не можеме да слушаме. Некој незнам не исклучува микрофони, немаме доволно концентрација итн. Мислам дека е добро во Комисијата или пред комисија нека се видат документите, нека се испрочешлаат, ние имаме добар правен сектор Мартина и Марија, нека појдат, нека седнат ќе им кажат да видат на грешките, па ние да не идиме до заблуда дека нна крајот од нивниот рок што истекува на 15-ти или на 14-ти и дека мора да имаме Совет и дека мора сите овие забелешки да ги складираме тука и ако требало да се видат претходно во Комисијата за финансирање или пак другите кои што следуваат кои што се одговорни. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Сами. Го прифаќам делот на критиката упатена еве до јавните претпријатија, барам поголема агилност. Значи барам, повеќе не замолуваме, значи барам да не ги ставаме точките како дополнителни на дневен ред. Јас со самото мое именување кажав дека принципот ставање на точки на дневен ред, дополнителни точки на дневен ред, треба да го напуштаме, е4динствено ако се работи во ситуација за итни и неодложни поврзани со одредени рокови. Направив отстапка оваа седбица заради тот што навистина е врзано со рок, меѓутоа, тоа не ги оправдува од одговорноста директорите, односно претставниците на јавните претпријатија да бидат во иднина навистина поагилни во однос на нивната обврска кон Советот, односно тоа е нивна законска обврска. Значи ова ќе биде последен пат да толерирам, еве јавно пред сите се обраќам во последен момент да бидат доставувани и прифаќам критика како претседател на Советот дополнителни точки во дневниот ред со исклучок на нешто хитно, но да не биде пракса во иднина. Критиката е коректна од ваша страна и Комисијата за финансирање и буџет ќе обрни внимание и од власта и од опозицијата да не биде само про форма, вклучувајте се сите во работата на комисиите, не само во Комисијата за финансирање и буџет, негои во сите комисии. Слушам цело време тројца, тројца, тројца, а Комисијата оправдано не можеше, меѓутоа таму се 5 мина. Очекувам во иднина максимално да проработи совеста и кај советниците и кај претставниците, односно менаџерите на јавните претпријатија, максимално до крај да си ја завршиме работата како што треба. Ви благодарам.

Дали уште некој се јавува за збор?

**ЕЛИЗАБЕТА СУРЛАЏИЈА:**

Дали може јас Претседателке?

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-ѓо Сурлаџија.

**ЕЛИЗАБЕТА СУРЛАЏИЈА:**

Како член на Комисијата за финансирање и буџет чувствувам обврска дека треба нешто да кажам во врска со ова. Ние на претходната седница кога го разгледувавме томесечниот извештај на Претпријатието „Пазари“ прва реагирав кога ја видов таа сума. Меѓутоа, добивме образложение дека тоа е Одлука на Управен одбор уште од 2017 година. Значи ни не сме над Управниот одбор како комисија. Ако тие ја донесле таа одлука, тие се должни вработените да ја спроведат таа одлука, а ние како комисија можеме да утврдиме само дали е тој износ или не е тој износ. Значи не можеме да одиме над одлуките на Управниот одбор. Тука треба да влези ми се чини во игра основачот на претпријатието, па меѓусебно тие да си го решат тој проблем, инаку ние како комисија не можеме тука ништо да сториме. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-ѓо Сурлаџија.

**САМИ АЈДИНИ:**

Претседателке кратко.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Сами.

**САМИ АЈДИНИ:**

Мислам дека (не се разбир) многу убав е на Совет. Така да тоа што сега го слушав од членот на Комисијата за финансии мислам дека добро е да работат и ингеренциите на Советот кој што ги има, а управните одбори на претпријатијата, членовите кои што се таму ние ги гласаме. Така да обратно пропорционално е ова што го слушав сега. Ви благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Сами. Дали некој друг се јавува за збор?

Бидејќи никој друг не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поеднечно, да се изјаснат.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈКП ,,Пазари’’-Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

15 членови на Советот гласаа „за“, 6 „против“ и 1 „воздржан“.

Констатирам дека со 15 гласови “за”, 6 “против” и 1 “воздржан”, Одлуката е усвоена.

Кој е „за“ усвојување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плати за вработените во ЈКП „Пазари“ Прилеп за 2021 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

23 членови на Советот гласаа „за“.

Констатирам дека со 23 гласови “за”, Одлуката е усвоена.

По **ТРИЕСЕТИСЕДМАТА И ТРИЕСЕТИОСМАТА** точка од дневниот ред: - Одлука за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за ПУП Прилеп за 2020 година; и

- Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп, за период од 01.10.2020 до 31.12.2020 година, пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање

и буџет,  г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на  овие точки. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Благодарам Претседател на Совет. На денешната седница на Комисијата за финансирање и Буџет беа разгледани и овие две точкаи од ЈП за ПУП – Прилеп и за истите точки е донесено позитивно мислење и на колегите советници им предлагаме да ги усвојат во дадениот извештај на самите предлагачи на точките. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине Камчески. Отворам претрес по точките.

Дали некој од членовите на Советот бара збор?

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Јас извинете.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Проданоски.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Вака има неколку дилеми да ми одговори, прво на приходнава страна со оглед на цела ситуација и дополнително со тоа што го затворија паркинг местото на булеварот со реконструкцијата дополнтелно е влошена финансиската состојба на претпријатието има показатели финансиски такви какви што има, меѓутоа, неколку нејасни работи од овој Финансиски извештај за 2020 година прво.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ај да не внесуваме лични констатации обратете се кон претставникот.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Нема констатација, бројките споредбено 2019 2020 година. По однос на остварените приходи во табелата по точка 12 вика приходи на донација барам дополнителна информација 1,5 милион денари се во прашање, што значи тоа? Понатаму има од точка 14 приходи од наплатени казни и приходи по други основи и таму има 1 милион денари и приходи од субвенции од Општина Прилеп 11 милиони денари. Приходи на расходната страна колку возила моментално се оперативни, односно можат да се користат во градскиот певоз и новите и старите и како се генерирани овие трошоци за резервни делови, материјали за одржување 1.844.572 и значително зголемување на сумата со оглед на минатата

година кога биле 1.000.100, а знаеме дека со редуциран возен ред функционираа возилата на јавниот градски превоз.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ве молам претставникот од претпријатието од ЈП за ПУП слушајте внимателно за да можеме непречено да ја следиме седницата. Повелете г-дине Проданоски продолжете си, се извинувам што ви упаднав во збор.

**ДЕЈАН ПРОДАНОСКИ:**

Нема проблем. Тоа и како за крај на што се должи зголемената сума на амортизација минатата година 4 милиони, а сега има 7,5 милиони. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине Проданоски. Повелете ги слушнавте прашањата претставникот од ЈП за ПУП.

**ПРЕДСТАВНИК НА ЈП ЗА ПУП:**

Добар ден. Вака сега амортизацијата оваа година ни ја зема амортизацијата бидејќи е целосно за сите автобуси овдека амортизацијата. Претходно имавме помалку месеци кога беа набавени не беше за цела годаина засметана, а сега ја засметуваме за цела година и заради тоа ни е зголемена амортизацијата. За субвенциите имаме субвенции од Владата и добиено субвенции од плати. Е сега за резервните делови ние имаме зголемување бидејќи овие новонабавениве автобуси имаме во нив резервни делови и сервисот за автобусите. Заради тоа е зголемувањето на ставката за резервните делови. Е сега за автобусиве, имаме 7 автобуси кои што возат моментално. Друго нешто ако треба ќе ви биде писмено одговорено бидејќи директорот од оправдани причини моментално е отсутен. Тоа е благодариме.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам на претставникот на ЈП за ПУП. Дали некој се јавува за збор?

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Јас процедурално.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Габроски.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Испаѓа дека и ако се годишни сметки многу битни работи се дискутираат на овие седници кога се расправаат годишните сметки, автоматски користиме и за пошироки запознавања со активности во јавните претпријатија. Мислам дека

треба да се сугерира во иднина, овластените лица т.е директорите на ЈП да бидат присутни на седниците без оглед дали се онлајн или во живо. Бидејќи финансиските работници и директор, помошници итн., или референти, не се целосно овластени да даваат информации за се она што нас како советници не интересира и за кое што прашуваме за да можеме да донесеме една сеопфатна и правилна одлука во врска со материјалите кои што се разгледуваат. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Габроски. Ќе биде оваа сугестија пренесена, а за прашањата кои што останаа отворени и неодговорени во писмена форма ги задолжувам Марија и Мартина во најскоро време да бидат до сите советници спратени одговорите. Ви благодарам

Дали некој друг се јавува за збор?

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поеднечно, да се изјаснат.

Кој е „за” усвојување на Одлука за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП за ПУП Прилеп за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ќе ве прозивам пошто ни се појавува пак проблем со броењето.

Еленче Ташковска „за“ , Јулијана Цековска „за“, Зорица Кочоска „за“, Светлана Велеска „за“, Тони Камчески „за“, Никола Багески „за“, Елизабета Сурлаџија „за“, Адем Мамудоски „за“, Валентин Божиноски „за“, Александар Чапкуноски „за“, Хари Шојлески „за“, Жарко Северкоски „за“, Кире Тинтоски „за“, Ивона Кузмановиќ „за“, Александар Китаноски „за“, Дејан Проданоски “воздржан”, Борче Јовчески „воздржан“,, Ирена Стерјовска – Локвенец „воздржана“Кирил Ѓорѓиески “воздржан”, Јулијана Силјаноска “воздржана”, Виктор Здравески, Андријана Ристеска “воздржана”, Винета Лозаноска “воздржана”, Никола Габроски “воздржан”, Сами Ајдини “воздржан”, Кети Бикоска “воздржана”. Ви благодарам колеги советници.

15 членови на Советот гласаа „за“ и 10 „воздржани“.

Констатирам дека со 15 гласови “за” и 10 “воздржан”, Одлуката е усвоена.

Кој е за усвојување на Одлука за давање согласност на Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈП за ПУП Прилеп, за период од 01.10.2020 до 31.12.2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Ве молам да се изјаснеме во чет.

15 членови на Советот гласаа „за“ и 10 „воздржан“.

Констатирам дека со 15 гласови “за” 10 “воздржан”, Одлуката е усвоена.

По **ТРИЕСЕТИДЕВЕТТАТА и ЧЕТИРИЕСЕТТАТА** точка од дневниот ред: -Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година; и

-Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп, за 2020 година,пред да отворам претрес го најавувам известителот на Комисија за финансирање и буџет, г-дин Тони Камчески да го поднесе извештајот по однос на овие точки. Повелете г-дине Камчески.

**ТОНИ КАМЧЕСКИ:**

Благодарам почитуван Претседател на Совет. На денешната седница на Комисијата за финансирање и буџет беа разгледани 39-тата и 40-тата точка, кои се однесуваат на ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп. Истите беа образложени одпредставникот од ЈКП ,,Комуналец''-Прилеп и Комисијата донесе на позитивна одлука и со тоа на советниците и на Советот на денешната седница им предлага да бидат усвоени во целост. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви блгаорадам господине Камчески. Отворам претрес по точките.

Дали некој бара збор?

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Јас би се јавил за збор.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Никола Габроски.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Имам неколку прашања и констатации. Во Извештајот годишен вели планирах приход за згиќување животни 3,1 милион денари, а реализирани се само 441.000 на што се должи вака слабата реализација на овие приходи? И кога сме кај шинтерската служба реакциите на граѓаните се дека има голем проблемповторно со кучињата скитници, посебно во централното градско подрачје, најчесто околу градскиот часовник, дали се превзема нешто во врска со оваа ситуација?

Втората работа е во 2020 година се гледа дека се дадени 21,2 милиони денари за плати на работници преземени преку Агенција за привремени вработувања, а е исплатена провизија до Агенцијата од 1,5 милиони денари. Тие 25.000 евра за разлика од 2019 кога износот на прозизијата за Агенцијата за привремени вработувања изнесува само 2.130 денари или 35 евра.Еднаш на Совет го дискутиравме, ама се помина така бегло, мислев дека не е таква ситуацијата, меѓутоа, од Годишниот извештај се гледа една фрапантна разлика во износот на

провизијата помеѓу 2019 и 2020 година. Јас сум свесен дека овие 35 евра се ништо и дека тоа не е многу, меѓутоа и оние 25.000 евра не се многу за едбно јасвно преприријатие, кое што размислува, наведено е во извештајот или да се покачи цената на усулугите или да се намали обемот на работата заради тоа што не можат да ја обавуваат својата дејност со овие цени на услуги и во оваа ситуација.

И последната работа Проектот „Биореал“ за кој се добиени 5,2 милиони денари од државата и дали 1,8 милиони денари од ЛС за капитални инвестиции, се однесуваат за набавката на новиот подигач на отпад набавен во 2020 година или за нешто друго што не е реализирано или треба да се реализира? Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Благодарам г-дине Габроски. Имаме представник од ЈКП „Комуналец“ г-ѓата Снежана Николова тука е со нас и директорот Сашо Велески, да тука е.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Само сакам да ве поздравам од името на сите советници г-дине Велески и ви посакуваме добро здравје, добро е што се вративте на вашите работни задачи, повелете.

**САШО ВЕЛЕСКИ:**

Само јасе ќе сакам на кратко да елаборирам, а потоа Снежана.

Па од 9 часот седам и ве пратам заедно со Снежана како и поитуваните пратеници треба да доседат до кра и да ги слушаат проблемите и прашањето од советниците држи место, сепак Советот е највисоко место во Општината којги носи курзијалните одлуки за доброто на граѓаните. Осум години бев советник и ја ги ценам решенијата на советниците, советници што се моментално во Советот и на стручните служби кои сепак се во интерес и присутни се тука во интерес на советниците да добијат штопоквалитетни одговори на нивните прашања. Значи во целина 2020 година е многу специфична година за таботење, знаете сите што се занимаваат со било каква дејност или производствена или услужна,во која што дејност знае со какви проблеми се судривме. Оваа година добивката на ЈП беше 2.295.094 денари пред оданочување, сооданочувањето, односно ДДВ 765.984 денари. Да не должам само еден факт, го спомнав на Комисијата и сега ќе го спомнам, кој што за познавачите на приликите на елитата на ЈКП ќе ви значи доста, показателите на финансискиот резултат, вкупните приходи од редовното работење за 2020 година се зголемени за 8,76 % и вкупните расподи во редовното работење се зголемени за 14,40%, добивката ја читате 2.200.000 плус оданочување 765.000. Добрите познавачи на ЈКП, знаа дека КП не е профитабилна организација која што треба да прикажува добивки од своето работење, односно треба да биде во услуга на граѓаните, односно приходната страна,односно она што го собираат граѓаните она што ја нудат услугата максимално да ја искористи и целата таа приходна страна да ја наменски потроши и сите тие вкупни расходи од

редовното работење да бидат приближно еднакви на приходите од редовнотоработење. Таков е случајот за 2020 година во ЈКП  и сакавме оваа година да биде максимално транспарентна и да ја прикажи реалната на работењето на ова ЈКП. Моја забелешка е што ова ЈКП е преоптеретено со различни дејности. Тргнувајќи од основната дејност за јавна хигиена, јавно прометни површини, за собирање и одлагање на птшад, работа со стопанските субјекти, нивно одлагање собирање на иотпад, неопасен отпад во секој случај, тука сме преоптеретени и со старите гробишта, со новите гробишта, со стационарот за заловување на животните, тука е и капелата на новите гробишта, тука е терминалот, така да што многу дејности што се во склоп на ЈКП не носат приходи во тековното работење, односно самоправат расходи ја отежнуваат и ја обременуваат и самата ликвидност, дневна лихвидност на работењето на претпријатието. Но, сепак со максимални ангажирања и со максимални кратења на сите трошоци во рботењето, меже да ги видите ставките во Завршната сметка и во Кварталниот извештај дека сите непродуктивни трошоци се ставени на минимум и се да речам во границите на апсолутниот минимум. Целта е што повеќе парите кои што се збираат по разни основи на приходната страна на КП да бидат максимално искористени за услуги на граѓаните. Во дискусијата на Комисијата да не должам, ќе бидам многу краток се обиде да се помине една шпекулација дека терминалот ќе се затворал со работа Царинскиот терминал и дека тој простор ќе се продадел на приватни субјекти блиски на власта инт., итн. Значи оваа шпекулација максимално со идигнацаија ја отфрлам и вакви дезинформации да сешират низ Совет на Општина Прилеп во најмала рака не е културно и не е фер према граѓаните. Значи таква информација не постои. Нашата информација беше дека со оној Договор кој што бил потпишан пред 5 – 6 години, апсолутно е на птета на ЈКП и при составување на наредниот одговор со Царинската управа,каде што се даваат услуги при заринење, увозни, извозни за стопанските субјекти во нашиов град да се води сметка да е од обострана корист, да не биде само на штета на ЈКП, односно на ДООЕЛ „Терминал“ – „Комуналец“ кој стопанисува со терминал. Уште еднаш повторувам нема продажба, нема затворање туку ќе следи интерес договор за граѓаните на ЈКП. Прашањата кој што почитуваниот советник ги постави можам да дискутирам, но сепак би оставил простор на г-ѓата Снежана што е замин директор за финансиски и правни прашања, да ви даде подетални информации зошто се тие констатации. Некои држат место и мислам дека во текот на дискусијата ќе добиете релевантни и издржани одговори. Стоиме на располагање и на секој советник вратата му е отворена во ЈКП и за најмали детали и за намјали сомнежи мислам и најмала желба да се помогне и да се сугерира за поуспешно работење, стоиме на располагање во секој момент и баш ми било мило да дискусии некои во однос на поуспешно работење на ЈКП ги одвиваме во просториите каде што ќе имаме пристап за сите информации. ЈКП „Комуналец„ 2021 година ќе биде една од

најтранспарентните како во Општината, така и во државата. Снежана повели за прашањата на почитуваниот советник, ако треба јас ќе се вклучам за подетални ....

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Велески. Г-ѓо Николова да го запазиме редот, сепак јас сум таашто дава збор, повелете, повелете.

**САШО ВЕЛЕСКИ:**

Извинете Претседател на Совет, мислев дека....

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Процедурата да ја почитуваме до крај.

**САШО ВЕЛЕСКИ:**

Инаку јас см прв што ја почитувам процедурата.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам, повелете г-ѓо Николова.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Реплика.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Сега овие повеќе беа како прашања, на прашања реплика не би се давало. Меѓутоа ајде да го искористиме присуството на представниците, ќе ви дозволам за да не ги доведуваме работите до бесконечност, да ни се оддолжуваат.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Не, не,не. Станува збор за .... Ја зборував и прашав за проектот за „Биореал„ и прашав за 5,2 милиони денари, а не за државната помош заради ковид кризата на јавните претпријатија. Мислам дека или не ме разбра.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Можеби не сте се разбрале.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

И затоа сакав да ја дообрајснам работата, односно моето прашање за да не испадне дека едно прашувам, а друго се одговара. Благодарам.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Само на тоа се однесува?

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Да, да само на тоа се однесува, ништо друго.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-дине Габроски. Мислам дека добро се слушнавте, повелете ѓ-ѓо Николова.

**СНЕЖАНА НИКОЛОВА:**

Јас се извинувам, меѓутоа, сумите се поклопија со еднократната финансиска помош која ја добивме во 2020 година. Но, кога станува збор за проектот на „Биореал“ едно возило смајкерка и пресата кои беа добиени во 2019 година, така да тие во целост беа исплатени и се запази Договорот да ние ние ги исплатиме од наши парични средства на тековна сметка, додека проектот сеуште е во тек и се надевам дека годинава 2021 година ќе биде завршен овој проект. Благодарам.

**НИКОЛА ГАБРОСКИ:**

Благодарам, тоа ми беше прашањето.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодарам г-ѓо Николова Снежана. Дали некој друг се јавува за збор збор?

**САШО ВЕЛЕСКИ:**

Еве јас да искористам прилика.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Повелете г-дине Велески.

**САШО ВЕЛЕСКИ:**

Да ги поканам советниците сигурно го немаат посетено делот од ЈКП „Комуналец“ делот каде што се врши селекција секундарна и рециклирање и балирање на секундарен отпад, баш со пресата која што ја добивме од „Биореал“ се врши балирање на хартија, на полиетиленска пластика во боја и бела, разни типови на тврди пластики таканаречени најлони и други репроматеријали со кои што оствaруваме дополнителен приход за ЈП, а во исто време го намалуваме волуменот на депонијата Алинци, а што е најважно третиот аспект е едукативниот и покачување на свеста на гражаните да што повеќе водат сметка за примарна селекција, па ние во нашето ЈКП да ја правиме таа секундарна селекција и да оствaруваме дополнителни приходи, кои што повторно ќе бидат наменети за граѓаните. Ги повикувам сите советници и вие како Претседател на Совет ќе

организираме една посета да ги видите новите возила, да го видите стационарот за кучиња, а во исто време да видите како функционира успешен проект како што е „Биореал“, односно пресата за балирање. Поканети сте и од вас зависи кога ќе не посетите.

**ЕЛЕНЧЕ ТАШКОВСКА:**

Ви благодариме на поканата. За брзо време доколку дозволат временските услови за да бидеме на отворено и да работиме според Ковид протоколите, ќе бидете посетени и секако сите ваши заложби се во насока на обезбедување и зачувување на здрава животна средина. Ви благодарам г-дине Велески.

Дали некој друг се јавува за збор?

Бидејќи никој не се јавува за збор ги молам членовите на Советот секој поеднечно, да се изјаснеме.

Кој е „за” усвојување на Одлука за давање согласност на тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец’’-Прилеп за периодот од 01.10.2020 година до 31.12.2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Со оглед на тоа дека концентрацијата ни е при крај ќе преминам на читање на списокот на советниците.

Еленче Ташковска „за“ , Јулијана Цековска „за“, Зорица Кочоска „за“, Светлана Велеска „за“, Тони Камчески „за“, Никола Багески „за“, Елизабета Сурлаџија „за“, Адем Мамудоски „за“, Валентин Божиноски „за“, Александар Чапкуноски „за“, Хари Шојлески „за“, Жарко Северкоски „за“, Кире Тинтоски „за“, Ивона Кузмановиќ „за“, Александар Китаноски „за“, Дејан Проданоски “воздржан”, Борче Јовчески „воздржан“,, Ирена Стерјовска – Локвенец „воздржана“,Кирил Ѓорѓиески “воздржан”, Јулијана Силјаноска “воздржана”, Виктор Здравески, Андријана Ристеска “воздржана”, Винета Лозаноска “воздржана”, Никола Габроски “воздржан”, Сами Ајдини “за”, Кети Бикоска “воздржана”. Ви благодарам колеги советници.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржани“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 “воздржан”, Одлуката е усвоена.

Кој е „за” усвојување на Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈКП ,,Комуналец’’-Прилеп, за 2020 година?

Кој е “против”, кој е “воздржан”?

Со читање ве молам да се изјаснеме.

Еленче Ташковска „за“ , Јулијана Цековска „за“, Зорица Кочоска „за“, Светлана Велеска „за“, Тони Камчески „за“, Никола Багески „за“, Елизабета Сурлаџија „за“,

Адем Мамудоски „за“, Валентин Божиноски „за“, Александар Чапкуноски „за“, Хари Шојлески „за“, Жарко Северкоски „за“, Кире Тинтоски „за“, Ивона Кузмановиќ „за“, Александар Китаноски „за“, Дејан Проданоски “воздржан”, Борче Јовчески „воздржан“, Ирена Стерјовска – Локвенец „воздржана“,Кирил Ѓорѓиески “воздржан”, Јулијана Силјаноска “воздржана”, Виктор Здравески, не е тука, Андријана Ристеска “воздржана”, Винета Лозаноска “воздржана”, Никола Габроски “воздржан”, Сами Ајдини “за”, Кети Бикоска “воздржана”. Ви благодарам колеги советници.

16 членови на Советот гласаа „за“ и 9 „воздржани“.

Констатирам дека со 16 гласови “за” и 9 “воздржан”, Одлуката е усвоена.

Со оглед на тоа дека го исцрпивме дневниот ред, кој што на почетокот на оваа седница го изгласавме. Констатирам дека денешната седница заврши. Ви благодарам на соработката колеги советници. Останете во добро здравје до наредната наша седница. До гледање.

По исцрпувањето на дневниот ред, седницата заврши во 16,30 часот.

Број 09 – 595/1<br>15.03.2021 година<br>П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Совет на Општина Приле<br>Еленче Ташковска

СТЕНОГРАФ<br>Горица Чатлеска